# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА

**на Македонска берза АД Скопје за 2011 година**

**Скопје, Февруари 2012 година**

# 1. ВОВЕД

Извештајот за работа на Македонска берза на хартии од вредност АД Скопје во 2011 година ги содржи главните фактори и околности (деловно окружување) кои што влијаеа на работењето на Берзата во 2011 година, основните карактеристики на берзанското работење, осврт на остварените резултати од тргувањето со хартии од вредност, активностите поврзани со котацијата, членството и надзорот на тргувањето, преземените активности за промоција на Берзата и едукација на пошироката јавност, нормативните активности, меѓународна соработка, инвестиционите активности, како и извештај за финансиското работење по годишната сметка за 2011 година.

# 2. ДЕЛОВНО ОКРУЖУВАЊЕ

Во текот на 2011 година работењето на Македонската берза се одвиваше под влијание на следните главни фактори и околности од меѓународен и локален аспект, кои го креираа деловното окружување во кое функционираше Македонската берза, односно имаа свое влијание врз тргувањето со хартии од вредност на Берзата, а со тоа и врз деловното работење на Берзата како акционерско друштво:

- Растот на светската економија во 2011 година значително се намали. Сепак, најголем дел од развиените економии избегнаа рецесија. Растот на повеќето земји во развој беше доста забавен после високите стапки на пораст во претходните години. Земјите од Европската унија забележаа пораст од 1,6% во 2011 година благодарение пред се на растот на германската економија од 3,0%[1].
- Должничката криза на дел од земјите од еврозоната предизвика пад на вредноста на еврото и воздржаност и песимизам на инвеститорите од вложување во еврозоната, чекајќи го исходот од мерките за стабилизација и подршка на најзадолжените земји од еврозоната;
- Во текот на 2011 година македонската економија функционираше во состојба на постепено закрепнување од последиците од светската економска криза, имајки ги предвид отежнатите фактори од забавувањето на растот на развиените економии како главни партнери на македонските компании, со очекуван пораст на бруто домашниот производ од 3,3%[2];
- НБРМ ја задржа монетарна политика што ја спроведуваше и претходната година што резултираше во одржување на каматните стапки на благајничките записи на исто ниво како и во 2010 година, како и одржување на исто ниво на масата на парични средства расположливи за кредитирање на стопанството и населението. Истовремено, банките продолжија со намалување на пасивните каматни стапки, а државата ги одржа на исто ниво каматните стапки на трезорските записи што резултираше со релативно нивелирање на приносите на најсигурните финанхиски инструменти со приносите на пазарот на капитал. Сепак, бавното оправување на македонската економија и нестабилното геополитичко окружување во голема мерка влијаеше на воздржаноста на инвеститорите од вложување на берза и на ликвидноста на берзанското тргување;
- Должничката криза на дел од земјите од еврозоната и трендовите во светската економија во 2011 година влијаа врз прометот и општото ниво на цените на пазарот, со оглед на евидентно малото присуство на странски институционални инвеститори;

[1] World Economic Outlook Update, IMF, 24.01.2012
[2] Соопштение од прва седница на Советот на НБРМ од 02.02.2012

- Во 2011 година не се случија позначајни поместувања во однос на отворените прашања кои се поставуваат како услов за реализацијата на определбите на Република Македонија за членство во евроатлантските организации, што имаше импликации врз очекувањата на инвеститорите на Берзата и на нивните деловни и инвестициони одлуки;
- Продолжи трендот на зголемена транспарентност во работењето на компаниите котирани на Берзата, како во делот на објавување на информации за финансиското работење, така и во делот на објавување на други ценовно чувствителни информации;
- Поволен даночен амбинет;
- Ниска инфлација;
- Стабилен девизен курс;
- Функционална институционална пазарна инфраструктура.

# 3. ТРГУВАЊЕ СО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

## 3.1. Основни карактеристики

Основни карактеристики на тргувањето во 2011 година се:

- Вкупниот промет (по сите основи) во 2011 година изнесуваше **13.655.857.674** денари (околу **221,94** милиони евра), што е за **133,71 %** повеќе во споредба со 2010 година;

- Остварениот промет на класичното тргување во 2011 година изнесуваше **3.439.596.525** денари[3] (околу **55,91** милиони евра), што е за **5,20%** повисок во споредба со 2010 година;

    - Прометот остварен со акции (Официјален и Редовен пазар) во 2011 година изнесуваше **2.147.134.623** денари (околу **34,90** милиони евра), што е за **6,43%** повисок во споредба со 2010 година;

    - Во 2011 година е остварен промет со обврзници од **1.292.461.902** денари (околу **21,01** милиони евра), што е за **3,22%** повисок во споредба со 2010 година;

- Во 2011 година на Берзата се реализирани **62** блок трансакции (администраторски и системски блок трансакции) во вкупна вредност од **8.964.076.592** денари (околу **145,68** милиони евра), и бележи зголемување од **253,94%** во споредба со 2010 година;

- Во 2011 година реализирани се продажби на акции и удели по пат на јавни берзански аукции во вкупна вредност од **321.522.557** денари (околу **5,23** милиони евра), што е за **688,57 %** повеќе во споредба со 2010 година;

- Во 2011 година за прв пат на Берзата се реализирани јавни понуди на хартии од вредност и е остварен промет од **930.662.000** денари (**15,13** милиони евра);

- Во структурата на прометот доминираат реализирани блок трансакции (администраторски и системски) со **65,64%** учество во вкупниот промет на Берзата во 2011 година;

- На крајот на 2011 година на котација на Официјалниот пазар беа котирани акции на **32** друштва;

[3]При пресметување на класичното тргување на Берзата не се вклучени прометите остварени на јавните берзански аукции и блок трансакциите.

- Пазарната капитализација на котираните акции достигна **27,30** милијарди денари (околу **443,92** милиони евра) и бележи опаѓање од **10,32%,** додека пазарната капитализација на обврзниците достигна **8,56** милијарди денари (**139,25** милиони евра) што претставува опаѓање за **31,56%** во споредба со 2010 година.

Со цел согледување и споредување на резултатите од тргувањето на Берзата за 2011 и 2010 година, во продолжение се презентира и табеларен приказ на сумарните берзански податоци за периодот Јануари-Декември 2011 година и Јануари-Декември 2010 година, како и структурата на прометот остварен во 2011 година.

| ПРОМЕТ (денари) | 2010 | 2011 | % на промена |
|---|---|---|---|
| **КЛАСИЧНО ТРГУВАЊЕ** | **3.269.539.610** | **3.439.596.525** | **5,20** |
| АКЦИИ | 2.017.360.721 | 2.147.134.623 | 6,43 |
| ОБВРЗНИЦИ | 1.252.178.889 | 1.292.461.902 | 3,22 |
| ***ПРОСЕЧЕН ДНЕВЕН ПРОМЕТ (денари)*** | **13.237.002** | **14.154.718** | **6,93** |
| ***ПРОСЕЧЕН ДНЕВЕН БРОЈ НА ТРАНСАКЦИИ*** | **104** | **96** | **-7,50** |
| **БЛОК ТРАНСАКЦИИ** | **2.532.650.767** | **8.964.076.592** | **253,94** |
| **ЈАВНИ БЕРЗАНСКИ АУКЦИИ** | **40.772.697** | **321.522.557** | **688,57** |
| **ЈАВНА ПОНУДА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ** | **-** | **930.662.000** | **-** |
| **ВКУПНО** | **5.842.963.073** | **13.655.857.674** | **133,71** |
| **БРОЈ НА ТРАНСАКЦИИ** | | | |
| **КЛАСИЧНО ТРГУВАЊЕ** | 25.697 | 23.290 | -9,37 |
| **БЛОК ТРАНСАКЦИИ** | 28 | 62 | 121,43 |
| **ЈАВНИ БЕРЗАНСКИ АУКЦИИ** | 16 | 61 | 281,25 |
| **ЈАВНА ПОНУДА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ** | - | 13 | - |
| **ВКУПНО** | **25.741** | **23.426** | **-8,99** |
| **ПАЗАРНА КАПИТАЛИЗАЦИЈА ( денари)** | | | |
| **ПАЗАРНА КАПИТАЛИЗАЦИЈА НА АКЦИИ** | **122.577.939.865** | **119.041.270.716** | **-2,89** |
| БЕРЗАНСКА КОТАЦИЈА-АКЦИИ | 30.442.607.676 | 27.300.260.205 | -10,32 |
| ПАЗАР НА АКЦИОНЕРСКИ ДРУШТВА СО ПОСЕБНИ ОБВРСКИ ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ | 92.135.332.189 | 91.741.010.511 | -0,43 |
| **ПАЗАРНА КАПИТАЛИЗАЦИЈА НА ОБВРЗНИЦИ** | **12.511.677.891** | **8.563.567.068** | **-31,56** |
| **ВКУПНО ПАЗАРНА КАПИТАЛИЗАЦИЈА** | **135.089.617.756** | **127.604.837.784** | **-5,54** |
| **МБИ10** | **2.278,92** | **1.974,86** | **-13,34** |
| **МБИД** | **2.458,58** | **2.084,01** | **-15,24** |
| **ОМБ** | **116,13** | **121,16** | **4,33** |
| **БРОЈ НА КОТИРАНИ ДРУШТВА** | **34** | **32** | **-5,88** |
| **БРОЈ НА ДЕНОВИ НА ТРГУВАЊЕ** | **247** | **243** | **-1,62** |

**Структура на прометот во периодот**
**Јануари - Декември 2011 година**

| Пазарен сегмент | Промет во денари | Промет во ЕВРА | % | Број на трансакции |
|---|---|---|---|---|
| ОФИЦИЈАЛЕН ПАЗАР | 3.007.877.454 | 48.889.665 | 22,03 | 18.840 |
| РЕДОВЕН ПАЗАР | 431.719.071 | 7.016.824 | 3,16 | 4.450 |
| БЛОК ТРАНСАКЦИИ | 8.964.076.592 | 145.682.206 | 65,64 | 62 |
| ЈАВНИ БЕРЗАНСКИ АУКЦИИ | 321.522.557 | 5.227.646 | 2,35 | 61 |
| ЈАВНА ПОНУДА НА ХВ | 930.662.000 | 15.126.120 | 6,82 | 13 |
| ВКУПНО | 13.655.857.674 | 221.942.460 | 100,00 | 23.426 |




## 3.2. Анализа на остварениот промет од класичното тргување по месеци

Во текот на 2011 година на Берзата е остварен промет од “класичното” тргување во износ од 3.439.596.525 денари (околу 55,91 милиони евра).

За подобро согледување на остварените резултати од “класичното” тргување на Берзата во 2011 година, во продолжение презентираме графички и табеларен приказ на тргувањето по месеци, односно квартали во 2011 година.

**Промет од “класичното” тргување по месеци во 2011 година**



| Месец | Официјален пазар | | Редовен пазар | | Промет во денари | Промет во ЕВРА | Бр. на трансакции | Бр. на ден. на трг. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Акции | Обврзници | Акции | Обврзници | | | | |
| Јануари | 140.896.640 | 244.467.511 | 38.046.854 | 0 | 423.411.005 | 6.883.100 | 2.370 | 18 |
| Февруари | 139.382.760 | 33.512.493 | 34.497.297 | 0 | 207.392.550 | 3.371.847 | 2.125 | 20 |
| Март | 138.227.171 | 113.796.311 | 50.622.731 | 0 | 302.646.213 | 4.919.887 | 2.307 | 22 |
| **Вкуп. I квартал** | **418.506.571** | **391.776.315** | **123.166.882** | **0** | | | **6.802** | **60** |
| Април | 201.387.056 | 219.363.137 | 50.435.086 | 0 | 471.185.279 | 7.659.680 | 2.266 | 19 |
| Мај | 135.353.132 | 78.087.567 | 43.746.942 | 0 | 257.187.641 | 4.179.877 | 2.179 | 20 |
| Јуни | 114.226.483 | 33.426.227 | 29.597.644 | 0 | 177.250.354 | 2.876.909 | 1.684 | 21 |
| **Вкуп. II квартал** | **450.966.671** | **330.876.931** | **123.779.672** | **0** | | | **6.129** | **60** |
| Јули | 110.244.982 | 100.322.746 | 33.217.826 | 0 | 243.785.554 | 3.955.909 | 1.362 | 21 |
| Август | 149.993.719 | 192.382.281 | 51.282.972 | 0 | 393.658.972 | 6.400.728 | 2.021 | 21 |
| Септември | 145.666.145 | 140.069.971 | 32.315.828 | 0 | 318.051.944 | 5.171.276 | 1.931 | 21 |
| **Вкуп. III квартал** | **405.904.846** | **432.774.998** | **116.816.626** | **0** | | | **5.314** | **63** |
| Октомври | 175.142.885 | 20.803.159 | 27.494.682 | 0 | 223.440.726 | 3.632.982 | 1.908 | 19 |
| Ноември | 163.339.803 | 66.345.832 | 11.932.960 | 0 | 241.618.595 | 3.928.541 | 1.792 | 21 |
| Декември | 101.554.776 | 49.884.667 | 28.528.249 | 0 | 179.967.692 | 2.925.752 | 1.345 | 20 |
| **Вкуп. IV квартал** | **440.037.464** | **137.033.658** | **67.955.891** | **0** | **645.027.013** | **10.487.275** | **5.045** | **60** |
| **ВКУПНО** | **1.715.415.552** | **1.292.461.902** | **431.719.071** | **0** | **3.439.596.525** | **55.906.488** | **23.290** | **243** |

## 3.3. Структура на промет од класичното тргување по пазарни сегменти

Прометот на Официјалниот пазар на Берзата во 2011 година (3.008 милиони денари) е остварен преку 18.840 трансакции и учествува во вкупниот промет од класичното тргување со 87.45%. Од тоа, 1.715 милиони денари отпаѓаат на тргувањето со акции (57.03%) при што се склучени 15.604 трансакции, додека прометот со обврзници изнесува 1.292 милиони денари (42.97%) и истиот е остварен преку 3.236 трансакции.

Остварениот промет на Редовниот пазар на Берзата (432 милиони денари) учествува во вкупниот промет од класичното тргување во 2011 година со 12,55% и 4.450 трансакции. Од тоа, 334 милиони денари отпаѓаат на тргувањето остварено на Пазарот на акционерски друштва со посебни обврски за известување (77,27%) и овој промет е остварен преку 4.034 трансакции, додека на Слободниот пазар се остварени 98 милиони денари (22,73%) преку 416 трансакции.

За подобро согледување на структурата на прометот во 2011 година, во продолжение презентираме табеларен и графички приказ на тргувањето по пазарни сегменти.

**СТРУКТУРА НА КЛАСИЧНИОТ ПРОМЕТ ВО 2011 ГОДИНА**

| Пазарен сегмент | Промет (денари) | Промет (ЕВРА) | % | Број на трансакции |
|---|---|---|---|---|
| **ОФИЦИЈАЛЕН ПАЗАР** | | | | |
| ***Акции*** | **1.715.415.552** | **27.881.625** | **57,03** | **15.604** |
| обични | 1.715.290.502 | 27.879.595 | 99,99 | 15.600 |
| приоритетни | 125.050 | 2.030 | 0,01 | 4 |
| ***Обврзници*** | **1.292.461.902** | **21.008.040** | **42,97** | **3.236** |
| **ВКУПНО ОФИЦИЈАЛЕН ПАЗАР** | **3.007.877.454** | **48.889.665** | **87,45** | **18.840** |
| **РЕДОВЕН ПАЗАР** | | | | |
| ***АКЦИИ*** | **431.719.071** | **7.016.824** | **100,00** | **4.450** |
| ***Пазар на јавно поседувани друштва*** | **333.601.688** | **5.422.051** | **77,27** | **4.034** |
| обични | 331.785.151 | 5.392.528 | 99,46 | 3.963 |
| приоритетни | 1.816.537 | 29.523 | 0,54 | 71 |
| ***Слободен пазар*** | **98.117.383** | **1.594.773** | **22,73** | **416** |
| обични | 98.117.383 | 1.594.773 | 100,00 | 416 |
| ***ОБВРЗНИЦИ*** | **0** | **0** | **0,00** | **0** |
| **ВКУПНО РЕДОВЕН ПАЗАР** | **431.719.071** | **7.016.824** | **12,55** | **4.450** |
| **ВКУПНО СИТЕ ПАЗАРИ** | **3.439.596.525** | **55.906.488** | **100,00** | **23.290** |







## 3.4. Блок трансакци

### *3.4.1. Администраторски блок трансакции*

Во 2011 година на Берзата беа пријавени вкупно **22** администраторски блок трансакции во вкупна вредност од **8.133.999.866** денари (околу 132 милион ЕВРА). На Официјалниот пазар на Берзата беа пријавени 5 блок трансакции во вкупна вредност од 118 милиони денари (1,91 милиони ЕВРА), додека на Редовниот пазар се реализирани 17 блок трансакции во вкупна вредност од 8,02 милијарди денари (130,38 милиони ЕВРА).

Во продолжение ги презентираме пријавените администраторски блок трансакции по пазарни сегменти во 2011 година.

| | | Промет(денари) | Промет (Евра) | Број на трансакции |
|---|---|---|---|---|
| **Официјален пазар** | **Супер котација** | **82.595.132** | **1.342.914** | **1** |
| | **Берзанска котација** | **34.958.000** | **568.160** | **4** |
| **Редовен пазар** | **Пазар на акционерски друштва со посебни обврски за известување** | **1.544.090.812** | **25.056.755** | **6** |
| | **Слободен пазар** | **6.472.355.922** | **105.326.595** | **11** |
| **Вкупно** | | **8.133.999.866** | **132.294.424** | **22** |

### *3.4.2. Системски блок трансакции*

Во 2011 година на Берзата беа склучени вкупно **40** системски блок трансакции во вкупна вредност од **830.076.726** денари (околу 13 милиони ЕВРА). На Официјалниот пазар на Берзата беа пријавени 18 блок трансакции во вкупна вредност од 679 милиони денари (11,04 милиони ЕВРА), додека на Редовниот пазар се реализирани 22 блок трансакции во вкупна вредност од 151 милиони денари (2,45 милиони ЕВРА).

Во продолжение ги презентираме реализираните системски блок трансакции по пазарни сегменти во четвртиот квартал 2011 година.

| | | Промет(денари) | Промет (Евра) | Број на трансакции |
|---|---|---|---|---|
| **Официјален пазар** | **Супер котација** | **491.376.068** | **7.989.418** | **7** |
| | **Берзанска котација** | **187.888.785** | **3.055.087** | **11** |
| **Редовен пазар** | **Пазар на акционерски друштва со посебни обврски за известување** | **10.559.808** | **171.704** | **2** |
| | **Слободен пазар** | **140.252.065** | **2.280.016** | **20** |
| **Вкупно** | | **830.076.726** | **13.496.225** | **40** |

## 3.5. Јавни берзански аукции

Во текот на 2011 година на Берзата се одржаа вкупно 8 јавни берзански аукции на кои што се продаваа акции и удели во сопственост на Фондот на ПИОМ.

На одржаните јавни берзански аукции во 2011 година беа склучени вкупно 16 трансакции и беше остварен промет од 23.927.852,44 денари. При тоа:

- Преку 4 трансакции беа истргувани обични акции на 4 акционерски друштва при што беше остварен промет од 449.259 денари;
- Преку 28 трансакции беа истргувани приоритетни акции на 28 акционерски друштва при што беше остварен промет од 265.510.831 денари;
- Преку 28 трансакции беа истргувани уделите во 28 друштва и остварен промет 10.562.467 денари.

Во 2011 година беше одржана јавна берзанска аукција за големи пакети при беа истргувани **30.000** акции од Европа АД Скопје и беше остварен промет од **45.000.000** денари, односно **731.651** ЕВРА.

## 3.6. Јавни понуди на хартии од вредност

Во текот 2011 година успешно беа спроведени првите две јавни понуди на хартии од вредност преку Берзата, согласно со измените на Законот за хартии од вредност и одредбите на новиот Анекс 3 на Правилата за тргување на Берзата. Првата јавна понуда се однесуваше на шестата емисија на акции на Комерцијална банка АД Скопје и истата беше реализирана на 11.02.2011 година, а втората јавна понуда се однесуваше на втората емисија на акции на Еурохаус АД Скопје и се реализираше во периодот од 02.11.2011 до 16.11.2011 година.

| Хартија од вредност | Просечна цена | Количина | Вредност МКД | Вредност ЕВРА | Број на трансакции | Почетен датум на јавна понуда | % на реализација |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Комерцијална банка Скопје - јавна понуда на хв | 3.500,00 | 265.000 | 927.500.000 | 15.074.707 | 10 | 11.02.2011 | 100 % |
| Еурохаус Скопје – јавна понуда | 62,00 | 51.000 | 3.162.000 | 51.413 | 3 | 02.11.2011 | 85% |
| **Вкупно** | | | **930.662.000** | **15.126.120** | **13** | | |

Притоа, имајќи предвид дека се работи за првични искуства на Берзата со реализација на примарна емисија на хартии од вредност преку Берза, а со цел квалитетно и непречено спроведување на постапките на запишување на јавно понудените акции преку БЕСТ системот, од страна на Берзата беа спроведени поголем број на подготвителни активности:

- изработка на Договор за соработка при запишување на јавно понудени хартии од вредност преку Берзата со издавачот;
- информирање на членките за нормативните аспекти поврзани со реализација на примарна емисија на хартии од вредност преку Берза, особено на куповната страна;
- подготовка на целокупната документација неопходна за спроведување на постапката.

За целосна имплементација на новините во Правилата за тргување на Берзата во делот на Анексот 3, Берзата и ЦДХВ на 10.01.2011 година потпишаа Протокол за меѓусебна соработка во постапката на запишување на јавно понудени хартии од вредност преку берза.

Во врска со јавните понуди на примарна емисија на хартии од вредност од страна на издавачите Комерцијална банка АД Скопје и Еурохаус АД Скопје беа преземени и голем број други активности, како нормативни, така и технички и организациони (објави, известувања, доставување на документи до членките, тестирање на аукциското тргување во БЕСТ системот за потребите на јавната понуда, дополнително сегментирање на пазарот итн.).

## 3.7. Учество на странски и домашни инвеститори во вкупниот промет

Врз основа на податоците добиени од Централниот депозитар за хартии од вредност кои се однесуваат за учеството на странските и домашните инвеститори во вкупниот промет на Берзата може да се констатира дека од вкупниот промет остварен на Берзата во 2011 година, 955.968.210 Денари (15.578.789 Евра) припаѓаат на прометот остварен од купување на хартии од вредност од страна на странските инвеститори, додека 1.312.571.297 Денари (21.396.004 Евра) остварени се преку продавање на хартии од вредност на странските инвеститори на домашниот пазар (согласно

повеќегодишната пракса при изготвувањето и објавувањето на статистичките билтени во прикажувањето на учеството на странски и домашни инвеститори во вкупниот промет, а заради пореално прикажување на активноста на портфолио инвеститорите, при пресметките се исклучени големите блок трансакции. Од тие причини, за 2011 година вкупниот промет е изразен без блок трансакциите и јавната понуда со акциите на Комерцијална банка АД Скопје во Февруари, блок трансакциите со акциите издадени од Извозна и Кредитна банка АД Скопје во Април, блок трансакциите со акциите издадени од НЛБ Тутунска банка АД Скопје во Јуни и блок трансакциите со акциите издадени од Скопска Пивара АД Скопје во Декември).

Во продолжение е презентирана табела за учеството на домашните и странските инвеститори во вкупниот промет по месеци во 2011 година:

| | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | XII |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Купување странски физички | 5,62% | 13,02% | 5,04% | 2,63% | 11,23% | 6,82% | 3,66% | 2,69% | 3,23% | 4,71% | 1,48% | 3,50% |
| Купување странски правни | 6,23% | 15,96% | 20,09% | 32,37% | 23,61% | 7,34% | 0,80% | 1,07% | 13,07% | 1,33% | 30,70% | 7,68% |
| **ВКУПНО** | **11,85%** | **28,98%** | **25,13%** | **35,00%** | **34,83%** | **14,16%** | **4,46%** | **3,76%** | **16,29%** | **6,04%** | **32,18%** | **11,18%** |
| Купување домашни физички | 28,89% | 38,08% | 24,74% | 18,14% | 31,69% | 38,43% | 24,29% | 33,81% | 30,55% | 33,26% | 11,31% | 40,99% |
| Купување домашни правни | 59,26% | 32,94% | 50,13% | 46,86% | 33,47% | 47,41% | 71,25% | 62,43% | 53,16% | 60,70% | 56,51% | 47,83% |
| **ВКУПНО** | **88,15%** | **71,02%** | **74,87%** | **65,00%** | **65,17%** | **85,84%** | **95,54** | **96,24%** | **83,71%** | **93,96%** | **67,82%** | **88,82%** |
| Продажба странски физички | 6,10% | 10,78% | 6,86% | 2,77% | 10,09% | 12,19% | 4,69% | 4,26% | 4,53% | 9,68% | 3,65% | 5,71% |
| Продажба странски правни | 9,39% | 22,21% | 8,34% | 33,45% | 16,35% | 17,15% | 19,46% | 13,90% | 14,66% | 29,49% | 43,35% | 9,02% |
| **ВКУПНО** | **15,49%** | **32,99%** | **15,20%** | **36,22%** | **26,44%** | **29,34%** | **24,15%** | **18,17%** | **19,19%** | **39,17%** | **47,00%** | **14,73%** |
| Продажба домашни физички | 27,87% | 47,02% | 27,43% | 58,58% | 61,68% | 62,50% | 38,23% | 28,93% | 31,55% | 29,92% | 12,83% | 29,19% |
| Продажба домашни правни | 56,64% | 19,99% | 57,37% | 5,20% | 11,88% | 8,16% | 37,62% | 52,90% | 49,25% | 30,91% | 40,17% | 56,08% |
| **ВКУПНО** | **84,51%** | **67,01%** | **84,80%** | **63,78%** | **73,56%** | **70,66%** | **75,85%** | **81,83%** | **80,81%** | **60,83%** | **53,00%** | **85,27%** |

## 3.8. Индекси на Македонска Берза

Македонска Берза АД Скопје ги пресметува и објавува следните три индекси: Македонски Берзански Индекс – МБИ10; Индекс на Јавно поседувани друштва МБИД и Индекс на обврзници – ОМБ.

### *3.8.1. Македонски Берзански Индекс – МБИ10*

- вредност на МБИ10 на последниот ден на тргување во 2011 година **(29.12.2011) 1.974,86** индексни поени, што значи опаѓање од **13,34%** во споредба со вредноста на индексот постигната на последниот ден на тргување во 2010 година (**30.12.2010** година = **2.278,92** индексни поени),
- највисока вредност на МБИ10 во 2011 година е постигната на **27.01.2011** година (**2.827,62** индексни поени),
- најниска вредност на индексот во 2011 година е постигната на **23.12.2011** година (**1.939,57** индексни поени).




На 16.02.2011 година Комисијата за берзански индекс изврши вонредна ревизија на индексот МБИ10. Имено, Комерцијална банка АД Скопје објави известување дека хартиите од вредност од новата емисија се впишани во трговскиот регистар, со што е зголемен бројот на издадени акции од банката. Со новата емисија, бројот на акции издадени од Комерцијална банка АД Скопје е зголемен за 13,15%. Имајќи предвид дека е настаната промена на бројот на издадените акции од компанија чии акции се вклучени во индексот од над 5%, согласно Методологијата за МБИ10, Комисијата за берзански индекс изврши вонредна ревизија на индексот МБИ10 со цел во пресметката на МБИ10 да биде вклучена и новоиздадената количина на акции издадени од Комерцијална банка АД Скопје.

На 15.06.2011 година и 15.12.2011 година беа извршени редовни ревизии на индексот МБИ10 од страна на Комисијата за берзански индекс.

Согласно Методологијата за пресметување на индексот МБИ10, на последниот дел на тргување во 2011 година елементи на индексот МБИ10 се обичните акции издадени од: Комерцијална банка АД Скопје, Гранит АД Скопје, Алкалоид АД Скопје, Макстил АД Скопје, Стопанска банка АД Битола, Макпетрол АД Скопје, Топлификација АД Скопје, Македонијатурист АД Скопје, ТТК Банка АД Скопје и ЗК Пелагонија АД Битола.

### *3.8.2. Индекс на Јавно поседувани друштва МБИД*

- вредност на МБИД на последниот ден на тргување во 2011 година (**29.12.2011**) = **2.084,01** индексни поени, што значи опаѓање од **15,24%** во споредба со вредноста на индексот постигната на последниот ден на тргување во 2010 година (**30.12.2010** година = **2.458,58** индексни поени),
- највисока вредност на МБИД во 2011 година е постигната на **28.01.2011** година (**3.039,32** индексни поени),
- најниска вредност на индексот МБИД во 2011 година е постигната на **29.12.2011** година (**2.084,01** индексни поени).



На 15.06.2011 година и 15.12.2011 година беа извршени редовни ревизии на индексот МБИД од страна на Комисијата за берзански индекс.

Согласно Методологијата за пресметување на индексот МБИД, на последниот дел на тргување во 2011 година елементи на индексот МБИД се обичните акции издадени од следните акционерски друштва: Тутунска банка АД Скопје, Македонски телеком АД Скопје, Стопанска банка АД Скопје, Арцелормиттал Скопје (ХРМ) АД Скопје, Арцелормиттал Скопје (ЦРМ) АД Скопје, Прилепска пиварница АД Прилеп, ОКТА АД Скопје и РЖ Техничка контрола АД Скопје.

#### *3.8.3. Индекс на обврзници - ОМБ*

- вредност на ОМБ на последниот ден на тргување во 2011 година (**29.12.2011**) = **121,16** индексни поени, што значи зголемување од **4,33%** во споредба со вредноста на индексот постигната на последниот ден на тргување во 2010 година (**30.12.2010** година = **116,13** индексни поени),
- највисока вредност на ОМБ во 2011 е постигната на **19.12.2011** година (**121,22** индексни поени),
- најниска вредност на индексот ОМБ во 2011 е постигната на **17.04.2011** година (**115,65** индексни поени).




На 15.06.2011 година и 15.12.2011 година беа извршени редовни ревизии на индексот ОМБ од страна на Комисијата за берзански индекс.

Согласно Методологијата за пресметување на индексот ОМБ, на последниот дел на тргување во 2011 година елементи на индексот ОМБ се обврзниците за денационализација од следните емисии: Втора емисија (РМДЕН02), Трета емисија (РМДЕН03), Четврта емисија (РМДЕН04), Петта емисија (РМДЕН05), Шеста емисија (РМДЕН06), Седма емисија (РМДЕН07), Осма емисија (РМДЕН08), Деветта емисија (РМДЕН09) и Десетта емисија (RMDEN10).

## 3.9. Структура на прометот по членки

Остварениот берзански промет во 2011 година е реализиран преку активностите на 20 членки на Берзата.

Во продолжение ја презентираме табелата за учеството на членките на Берзата во остварениот промет во 2011 година. Податоците се базираат врз двојно пресметување (и при купување и при продавање) со цел да се инкорпорира и активноста на членките во вкрстените трансакции, со исклучок на податоците за тргувањето со државните хартии од вредност каде е прикажана само куповната страна.

## Учество на членките на Берзата во реализираниот промет и трансакции во 2011 година

| Членка | Членка | Класично тргување | % Класично тргување | Блокови | % Блокови | Јавни берзански аукции | % Јавни берзански аукции | Јавна понуда на ХВ | % Јавна понуда на ХВ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Комерцијална банка АД Скопје | KB | 1.097.336.102 | 15,95 | 10.038.575.056 | 55,99 | 20.593.628 | 5,62 | 1.847.790.000 | 99,27 | 13.004.294.785 |
| НЛБ Тутунска банка АД Скопје | TN | 792.900.716 | 11,53 | 6.547.527.400 | 36,52 | 13.177.669 | 3,6 | 0 | 0 | 7.353.605.785 |
| ИЛИРИКА ИНВЕСТМЕНТС АД Скопје | IL | 1.431.803.058 | 20,81 | 163.067.912 | 0,91 | 31.408.306 | 8,57 | 4.830.000 | 0,26 | 1.631.109.277 |
| ИНОВО БРОКЕР АД Скопје | IN | 498.234.431 | 7,24 | 779.813.584 | 4,35 | 125.041.440 | 34,12 | 1.050.000 | 0,06 | 1.404.139.455 |
| Еурохаус АД Скопје | EH | 556.225.424 | 8,09 | 10.000.888 | 0,06 | 13.752.712 | 3,75 | 6.324.000 | 0,34 | 586.303.024 |
| Мој Брокер АД Скопје | MO | 569.334.395 | 8,28 | 5.074.129 | 0,03 | 719.712 | 0,2 | 0 | 0 | 575.128.236 |
| ТТК Банка Скопје | TK | 343.750.570 | 5,00 | 83.185.189 | 0,46 | 66.322.489 | 18,1 | 0 | 0 | 493.258.248 |
| ИНВЕСТБРОКЕР АД Скопје | MI | 378.799.312 | 5,51 | 61.698.950 | 0,34 | 5.920.657 | 1,62 | 0 | 0 | 446.418.919 |
| Пеон Брокер АД Скопје | PE | 196.044.371 | 2,85 | 0 | 0 | 1.419.316 | 0,39 | 0 | 0 | 197.463.687 |
| Стопанска банка АД Скопје | SB | 182.535.893 | 2,65 | 0 | 0 | 10.930.920 | 2,98 | 0 | 0 | 193.466.813 |
| Алта Виста брокер АД Скопје | AV | 135.055.104 | 1,96 | 41.331.000 | 0,23 | 96.300 | 0,03 | 0 | 0 | 176.482.404 |
| БИТОЛА БРОКЕР АД Битола | BB | 115.366.824 | 1,68 | 51.644.388 | 0,29 | 8.323.198 | 2,27 | 0 | 0 | 175.334.410 |
| Фершпед Брокер АД Скопје | FR | 54.769.299 | 0,8 | 47.101.108 | 0,26 | 63.340.221 | 17,28 | 0 | 0 | 165.210.628 |
| ЕУРОброкер АД Скопје | EU | 131.194.874 | 1,91 | 10.995.000 | 0,06 | 196.923 | 0,05 | 0 | 0 | 142.386.797 |
| Поштел Брокер АД Скопје | PT | 106.295.690 | 1,55 | 22.895.000 | 0,13 | 5.279.066 | 1,44 | 1.330.000 | 0,07 | 135.799.756 |
| АУКТОР&ХИТА БРОКЕРИ АД СКОПЈЕ | AK | 130.773.899 | 1,9 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 130.773.899 |
| Охридска Банка АД Охрид | OH | 64.647.546 | 0,94 | 43.043.580 | 0,24 | 0 | 0 | 0 | 0 | 107.691.126 |
| Бро-Дил АД Скопје | BD | 70.084.279 | 1,02 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 70.084.279 |
| Централна кооперативна банка АД Скопје | SL | 22.224.122 | 0,32 | 22.200.000 | 0,12 | 0 | 0 | 0 | 0 | 44.424.122 |
| Нови триглав АД Скопје | NT | 1.817.140 | 0,03 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.817.140 |
| **Вкупно** | | **6.879.193.049** | **100** | **17.928.153.184** | **100** | **366.522.557** | **100** | **1.861.324.000** | **100** | **27.035.192.790** |




Најголемо учество во вкупниот промет изразен во денари во тргувањето на Берзата оствари членката Комерцијална банка АД Скопје со учество од 48,10%. На второ и трето место се НЛБ Тутунска банка АД Скопје и Илирика Инвестментс АД Скопје со учество од 27,20% и 6,03%, соодветно.

## 3.10. Други активности поврзани со тргувањето

Во текот на 2011 година Берзата редовно ги спроведуваше потребните активности поврзани со тргувањето со хартии од вредност и тоа: внес на нови хартии за тргување во трговскиот систем; времени прекини и суспендирања на тргувањето со некои хартии од вредност каде ќе се јавеше потреба (поради исплата на камата и рата кај обврзници, поради достасување на обврзници, поради отворени стечајни постапки над некои друштва и др.); распоредување на хартии од вредност по соодветни сегменти согласно известувањата од Комисијата за хартии од вредност за запишување и бришење на акционерски друштва од/во Регистарот на акционерски друштва со посебни обврски за известување и слично. За сите вакви активности, членките на Берзата беа соодветно известувани преку статистичката апликација БерзаНЕТ.

Меѓу останатите активности, во текот на 2011 година Берзата секој месец го ажурираше списокот на сите хартии од вредност со кои се тргува без ценовни ограничувања (статички лимити). Во однос на блок трансакциите, Берзата изработи и испрати до членките упатство за внес на системски блок налози и склучување на системски блок трансакции, како и нов образец за блок трансакции ревидиран согласно Правилата за тргување на Берзата и законската регулатива која што предвидува ограничувања при стекнување на квалификувано учество кај некои посебни видови акционерски друштва. Берзата подготви и објави годишен статистички билтен и месечни статистички билтени од тргувањето со хартии од вредност.

Во текот на годината беше извршена промена на Одлуката за критериумите за распоредување на хартиите од вредност во еден од двата режими на тргување и соодветниот метод за класификација на Македонска берза АД Скопје, при што беа намалени критериумите за број на трансакции во претходниот период (најмалку една трансакција во период од 3 дена) и на вкупната вредност на нововнесените налози (најмалку 10.000.000 денари) во период од 6 месеци. Оваа одлука беше соодветно имплементирана во БЕСТ системот.

# 4. КОТАЦИЈА

## 4.1. Пазарна капитализација

На почетокот од 2011 година на Официјалниот пазар на Македонската берза беа котирани 34 акционерски друштва со пазарна капитализација од 30,4 милијарди денари како и 14 државни обврзници со пазарна капитализација од 12,51 милијарда денари.

На крајот од 2011 бројот на котираните друштва се намали на 32, со пазарна капитализација од 27,3 милијарди денари, што претставува намалување од 10,32%. На крајот од 2011 година бројот на котирани државни обврзници изнесува 12, со пазарна капитализација од 8,56 милијарди денари, што претставува намалување за 31,56%, при што треба да се имаат предвид достасаните ануитети на обврзниците за денационализација и достасувањето на обврзницата за намирување на побарувањата на граѓаните по основ на депонирани девизни влогови.

Во продолжение, презентираме податоци за пазарната капитализација на котираните хартии од вредност на Македонска Берза АД Скопје на ден 29.12.2011 година и некои поважни податоци во врска со тргувањето со котираните хартии од вредност.

Податоци за котираните обични и приоритетни акции на Официјалниот пазар:

| Издавач | Просечна цена | Промет во денари | Промет во евра | % учество во остварен промет на Официј. пазар | Истргувана количина / Издадени акции | Промет / Пазарна капитал. | Пазарна капитал. (денари) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Комерцијална банка АД Скопје | 3.370,18 | 1.183.748.178 | 19.243.709 | 47,12 | 15,74% | 19,67% | 6.019.448.970 |
| Алкалоид АД Скопје | 4.233,13 | 348.848.961 | 5.669.680 | 13,89 | 5,75% | 6,20% | 5.622.741.049 |
| Макпетрол АД Скопје | 24.549,58 | 88.952.519 | 1.445.876 | 3,54 | 3,24% | 4,17% | 2.135.145.618 |
| Макстил АД Скопје | 179,31 | 55.779.570 | 906.658 | 2,22 | 2,09% | 3,10% | 1.798.621.989 |
| Гранит АД Скопје | 567,7 | 133.247.739 | 2.165.790 | 5,3 | 7,51% | 9,30% | 1.432.766.657 |
| Македонијатурист АД Скопје | 2.767,65 | 51.859.795 | 842.164 | 2,06 | 4,09% | 4,50% | 1.153.229.850 |
| Топлификација АД Скопје | 3.416,46 | 117.507.166 | 1.909.985 | 4,68 | 7,71% | 11,09% | 1.059.750.000 |
| ТТК Банка АД Скопје | 1.065,33 | 31.259.357 | 507.848 | 1,24 | 3,18% | 3,23% | 967.808.608 |
| Реплек АД Скопје | 39.759,80 | 25.778.566 | 418.979 | 1,03 | 2,50% | 2,77% | 931.824.000 |
| Стопанска банка АД Битола | 2.641,10 | 164.750.712 | 2.678.349 | 6,56 | 19,10% | 20,17% | 816.976.784 |
| Фершпед АД Скопје | 48.837,38 | 23.635.030 | 384.221 | 0,94 | 2,80% | 3,18% | 742.633.000 |

| Издавач | Просечна цена | Промет во денари | Промет во евра | % учество во остварен промет на Официј. пазар | Истргувана количина / Издадени акции | Промет / Пазарна капитал. | Пазарна капитал. (денари) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ЗК Пелагонија АД Битола | 2.417,74 | 183.038.043 | 2.976.032 | 7,29 | 23,74% | 28,08% | 651.844.800 |
| Охридска банка АД Охрид | 1.610,40 | 11.675.402 | 189.773 | 0,46 | 1,81% | 2,00% | 582.880.794 |
| Витаминка АД Прилеп | 5.021,11 | 14.270.885 | 231.773 | 0,57 | 4,94% | 3,69% | 386.650.000 |
| Скопски Пазар АД Скопје | 6.225,86 | 19.971.163 | 324.468 | 0,79 | 4,55% | 5,36% | 372.348.313 |
| ВВ Тиквеш АД Скопје | 1.682,20 | 817.573 | 13.289 | 0,03 | 0,19% | 0,23% | 351.585.000 |
| БЕТОН АД Скопје | 7.275,19 | 22.797.672 | 370.409 | 0,91 | 6,85% | 6,97% | 327.317.438 |
| РЖ Услуги АД Скопје | 234,01 | 13.521.670 | 219.795 | 0,54 | 3,63% | 4,83% | 279.756.904 |
| Хотели Метропол АД Охрид | 214,9 | 2.104.506 | 34.204 | 0,08 | 0,94% | 1,00% | 211.140.000 |
| Тутунски комбинат АД Прилеп | 141,25 | 62.200 | 1.010 | 0 | 0,02% | 0,03% | 202.888.950 |
| Интернешенал Хотелс АД Скопје | - | 0 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% | 202.141.074 |
| ОХИС АД Скопје | 100,22 | 254.770 | 4.140 | 0,01 | 0,14% | 0,13% | 202.101.369 |
| Тетекс АД Тетово | 517,08 | 7.427.957 | 120.751 | 0,3 | 3,15% | 4,17% | 178.146.930 |
| Жито Лукс АД Скопје | 171,8 | 1.021.619 | 16.608 | 0,04 | 0,72% | 0,74% | 137.631.312 |
| Комуна АД Скопје | 419,67 | 4.971.007 | 80.788 | 0,2 | 4,34% | 3,96% | 125.550.000 |
| Макошпед АД Скопје | 215,33 | 2.441.062 | 39.672 | 0,1 | 1,41% | 2,05% | 119.052.024 |
| Жито Вардар АД Велес | 1.527,71 | 474.902 | 7.716 | 0,02 | 0,45% | 0,54% | 87.644.400 |
| Технометал Вардар АД Скопје | 833,33 | 338.000 | 5.493 | 0,01 | 0,52% | 0,53% | 64.148.800 |
| РЖ Институт АД Скопје | 390,67 | 846.275 | 13.741 | 0,03 | 1,94% | 1,86% | 45.584.388 |
| ЕМО АД Охрид | 103,08 | 439.442 | 7.140 | 0,02 | 0,70% | 1,40% | 31.361.226 |
| Скопски Пазар АД Скопје - приоритетни | 2.801,00 | 122.550 | 1.989 | 0 | 0,31% | 0,40% | 30.750.158 |
| РЖ Интер-Трансшпед АД Скопје | 53,88 | 149.271 | 2.424 | 0,01 | 0,42% | 0,85% | 17.561.970 |
| Макотекс АД Скопје | 50 | 3.900 | 63 | 0 | 0,08% | 0,08% | 4.703.150 |
| Жито Лукс АД Скопје - приоритетни | - | 0 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% | 3.529.680 |
| Стопанска банка АД Битола - приоритетни | 2.500,00 | 2.500 | 41 | 0 | 0,08% | 0,08% | 2.995.000 |
| **ВКУПНО** | | **2.512.119.962** | **40.834.579** | **100** | | | **27.300.260.205** |

Податоци за котираните обврзници на Официјалниот пазар:

| | Последна просечна дневна цена (%) | Принос до достасување * | Обем (ХВ во ЕВРА) | Промет (денари) | Промет (ЕВРА) | Промет / Пазарна капитал. | Пазарна капитал. (денари) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Обврзници на РМ - (РМ01)** | 98 | - | 161.997 | 9.831.051 | 159.803 | - | - |
| Обврзници на РМ за денационал.(РМДЕН01) | 95,5 | - | 1.519 | 90.783 | 1.475 | 0,62% | 14.682.839 |
| Обврзници на РМ за денационал.(РМДЕН02) | 97,3 | 5,07% | 1.072.092 | 63.184.346 | 1.027.327 | 13,86% | 455.968.093 |
| Обврзници на РМ за денационал.(РМДЕН03) | 96 | 5,00% | 1.767.475 | 102.355.095 | 1.664.398 | 12,30% | 832.447.757 |
| Обврзници на РМ за денационал.(РМДЕН04) | 94,9 | 4,87% | 3.154.505 | 177.768.462 | 2.889.551 | 13,13% | 1.354.006.780 |
| Обврзници на РМ за денационал. (РМДЕН05) | 93,7 | 4,86% | 1.093.644 | 62.144.495 | 1.008.759 | 6,34% | 979.614.385 |
| Обврзници на РМ за денационал. (РМДЕН06) | 93 | 4,67% | 1.682.285 | 93.264.403 | 1.515.645 | 15,10% | 617.693.947 |
| Обврзници на РМ за денационал. (РМДЕН07) | 91 | 5,00% | 478.426 | 26.284.396 | 427.347 | 2,24% | 1.175.242.068 |
| Обврзници на РМ за денационал. (РМДЕН08) | 88,3 | 5,50% | 2.002.630 | 108.064.392 | 1.756.641 | 10,82% | 999.183.303 |
| Обврзници на РМ за денационал. (РМДЕН09) | 91,06 | 4,33% | 4.132.541 | 224.427.319 | 3.648.227 | 14,84% | 1.512.021.797 |
| Обврзници на РМ за денационал. (РМДЕН10) | 92,05 | 3,77% | 8.006.446 | 425.047.159 | 6.908.867 | 68,26% | 622.706.099 |

* Моделот на калкулација го покажува годишниот просечен принос до достасување на обврзници со рок на достасување над 1 година и е прилагоден на карактеристиките на обврзниците. Датум на пресметување е 31.12.2011 година, со последната просечна цена на тргување на обврзниците.
**Обврзницата РМ01 достаса на 01.10.2011 година

## 4.2. Нови котации

Во текот на 2011 година беше котирана Десеттата емисија на обврзници за денационализација издадени од Република Македонија, со прв датум на тргување 01.04.2011 година.

## 4.3. Исклучувања од котација

### *4.3.1. Исклучување од котација на акции од Официјалниот Пазар*

Лотарија на Македонија АД Скопје побара исклучување од котација на Официјалниот пазар на Македонската берза АД врз основа на Одлуката за исклучување од котација донесена од страна на Собранието на акционери на Лотарија на Македонија АД Скопје на 06.04.2011. Одборот на директори на Берзата констатираше дека барањето е согласно законските прописи и ги содржи сите потребни елементи согласно член 9.05 од Правилата за котација на Македонската берза АД Скопје и донесе Одлука за исклучување од котација на Официјалниот пазар на Македонската берза АД Скопје.

РЖ Економика АД Скопје побара исклучување од котација на Официјалниот пазар на Македонската берза АД Скопје врз основа на Одлуката за исклучување од котација донесена од

страна на Собранието на акционери на РЖ Економика АД Скопје на 01.06.2011 година. Одборот на директори на Берзата констатира дека барањето е согласно законските прописи и ги содржи сите потребни елементи согласно член 9.05 од Правилата за котација на Македонската берза АД Скопје и донесе Одлука за исклучување од котација на Официјалниот пазар на Македонската берза АД Скопје.

#### *4.3.2. Исклучување од котација на обврзници од Официјалниот Пазар*

Во текот на 2011 година ниту една обврзница не беше исклучена од котација, а заради достасување се отстранија од тргување следниве обврзници:

- 31.03.2011 година: Континуираната државна обврзница бр.1 во 2008 година (со шифра на тргување DO160311) издадена од Република Македонија;
- 30.06.2011 година: Континуираната државна обврзница бр.3 во 2008 година (со шифра на тргување DO180611) издадена од Република Македонија
- 30.09.2011 година: Обврзница за намирување на побарувањата на граѓаните по основ на депонирани девизни влогови (со шифра на тргување RM01) издадена од Република Македонија;

## 4.4. Активности во врска со котирани друштва

#### *4.4.1. Објавување на финансиски извештаи*

Од аспект на објавувањето на ревидираните финансиски извештаи од страна на котираните друштва, во текот на 2011 година сите котирани друштва ја исполнија обврската за објавување на целосните ревидираните годишни финансиски извештаи за 2010 година во законски предвидениот рок.

Во поглед на обврската за објавување на периодични биланси на успех согласно Правилата за котација, сите друштва во предвидениот рок ги објавија неревидираните биланси на успех преку 150 поединечни објави на СЕИ-НЕТ.

Во поглед на исполнување на обврската за објавување на финансиски план за 2011 година 26 котирани друштва објавија финансиски планови. Три друштва се изјаснија дека не изработуваат финансиски планови и како такви не ги усвојуваат на орган на управување.

#### *4.4.2. Објавување на ценовно чувствителни информации*

Освен постапувањето по обврската за објавување на финансиски извештаи, котираните друштва во текот на 2011 година објавија вкупно 269 информации поврзани со седници на собрание на акционери и одлуки на органите на управување на друштвата и 230 други ценовно чувствителни информации.

| Друштво | Други ценовно чувствителни информации | Информации поврзани со Собрание на акционери, одлуки на органите на управување и објавени финансиски извештаи |
|---|---|---|
| Алкалоид Скопје | 25 | 12 |
| Бетон Скопје | 9 | 15 |
| ВВ Тиквеш Скопје | 9 | 10 |
| Витаминка Прилеп | 6 | 11 |
| Гранит Скопје | 15 | 11 |
| ЕМО Охрид | 8 | 16 |
| Жито Вардар Велес | 4 | 11 |
| Жито Лукс Скопје | 3 | 11 |
| ЗК Пелагонија Битола | 12 | 20 |
| Интернешнел Хотелс Скопје | 2 | 8 |
| Комерцијална банка Скопје | 17 | 17 |
| Комуна Скопје | 3 | 8 |
| Македонијатурист Скопје | 8 | 21 |
| Макотекс Скопје | - | 10 |
| Макошпед Скопје | 3 | 11 |
| Макпетрол Скопје | 9 | 16 |
| Макстил Скопје | 9 | 11 |
| ОХИС Скопје | 1 | 20 |
| Охридска банка Охрид | 3 | 21 |
| Реплек Скопје | 6 | 24 |
| РЖ Институт Скопје | 5 | 10 |
| РЖ Интер-Трансшпед Скопје | 1 | 11 |
| РЖ Услуги Скопје | 1 | 11 |
| Скопски Пазар Скопје | 2 | 14 |
| Стопанска банка Битола | 8 | 24 |
| Тетекс Тетово | 30 | 15 |
| Технометал Вардар Скопје | 3 | 8 |
| Топлификација Скопје | 9 | 14 |
| ТТК банка Скопје | 9 | 17 |
| Тутунски комбинат Прилеп | 2 | 18 |
| Фершпед Скопје | 7 | 12 |
| Хотели-Метропол Охрид | 2 | 18 |

### *4.4.3. Прекини на тргување*

Согласно точка 6.08. подточка 9 и 6.09. подточка 7 од Правилата за котација заради необјавување на содржината на одлуките донесени на собрание на акционери првиот следен ден на тргување после денот на нивното донесување, Берзата изврши привремен прекин на тргувањето со акциите издадени од следните друштва:

- Топлификација АД Скопје на 29.04.2011 година со прекин од 50 минути,
- Стопанска банка АД Битола на 19.05.2011 година со прекин од 140 минути,
- ЕМО АД Охрид на 23.05.2011 година со прекин од 120 минути, и
- РЖ Економика АД Скопје на 02.06.2011 година со прекин од 50 минути.

Тргувањето со акциите на наведените друштва продолжи по објавувањето на содржината на одлуките донесени на собранието на акционери на друштвото на СЕИ-НЕТ.

Согласно член 57 став (1) алинеја 4 од Правилата за тргување заради необјавување на ценовно чуствителна информација, Берзата на 20.09.2011 изврши привремен прекин на тргувањето со акциите издадени од Макпетрол АД Скопје. Имено, на 19.09.2011 година во дневниот весник Капитал беше објавен напис дека англиско-холандската компанија Shell „сака да го купи Макпетрол“ и дека во текот на овој месец луѓе од оваа компанија биле во Макпетрол. Имајќи го предвид значењето на ваква вест за инвеститорите во хартии од вредност, Берзата побара од Макпетрол АД Скопје, преку СЕИ-Нет, да објави известување со кое би се изјаснило во врска со објавената вест. Со оглед на тоа што Макпетрол АД Скопје не објави соодветно известување до почеток на тргувањето на 20.09.2011 година, Берзата изврши времен прекин на тргувањето со акциите на ова друштво на 20.09.2011 година, до објавување на соодветно известување преку СЕИ-Нет. Во текот на тргувањето на 20.09.2011 година Макпетрол АД Скопје објави известување преку СЕИ-Нет во кое ги изнесе своите ставови, по што продолжи тргувањето со акциите издадени од ова друштво.

#### *4.4.4. Изрекување на мерка Опомена на котирани друштва*

Во 2011 година за две котирани друштва Одборот на директори на Берзата изрече мерка опомена согласно точка 9.02. став 1 од Правилата за котација на Берзата заради непочитување на Правилата за котација од глава VI.

Имено, едното котирано друштво одржа Собрание на акционери во мај 2011 година, а Годишниот извештај за работењето во 2010 година го објави на Берзата во јуни 2011 година, односно после истекот на рокот од 7 дена по неговото усвојување од страна на Собранието на акционери, што не е во согласност со точка 6.09. став (3) од Правилата за котација.

Другото котирано друштво против кое Одборот на директори на Берзата изрече мерка опомена, одржа Собрание на акционери на почетокот од јуни 2011 година, а целосните консолидирани ревидирани финансиски извештаи за 2010 година ги објави на Берзата во втората половина на јуни 2011 година, односно по истекот на рокот од 7 дена по неговото усвојување од страна на Собранието на акционери, што не е во согласност со точка 6.09. став (1) од Правилата за котација.

#### *4.4.5. Активности за привлекување на нови друштва на котација на Берзата*

Во рамките на континуираните активности на Берзата за привлекување на нови акционерски друштва чии акции ќе котираат на Официјалниот пазарен сегмент, Македонската берза оствари соработка со Стопанската комора на Македонија со цел организирање на презентации за стопанските субјекти во повеќе региони низ Републиката. Презентациите се организираа во Скопје, Битола, Струмица и Кочани во периодот од јуни до октомври и истите имаа можност да

ги проследат голем број на стопански субјекти кои се запознаа со придобивките коишто ги нуди уврстувањето на друштвата на Официјалниот пазар на Македонската берза.

#### *4.4.6. Промоција на котираните друштва*

Користејќи ги податоците од добиените ревидирани финансиски извештаи од котираните друштва за 2008, 2009 и 2010 година, како и податоците од тргувањето, Македонската Берза изработи публикација "Факти за котираните друштва" во која се прикажани податоци за котираните компании на Берзата за 2010 година. Фактите беа изготвени во електронска форма на 44 страници на македонски и англиски јазик. Промоцијата на публикацијата беше за време на прес – конференцијата којашто Берзата ја одржа на 04.07.2011 година, а на 07.07.2011 година беше објавена на интернет страницата на Македонската берза. Со ваквата дополнителна промоција за работењето и успешноста на котираните компании, котираните друштва уште повеќе се приближија до пошироката инвеститорска и медиумска јавност и се направи простор за полесно препознавање на котираните компании на Македонската берза. Кон оваа констатација треба е да се напомене фактот што објавените "Факти за котираните друштва" како документ беа преземени од интернет страната на Македонската берза повеќе од 1.400 пати.

# 5. ЧЛЕНСТВО

## <u>5.1. Членки на Берзата</u>

Во текот на 2011 година на две членки трајно им престана членството во Берзата, како последица на што на крајот од 2011 година вкупниот број членки на Берзата изнесува 18, од кои 6 се банки, а 12 се брокерски куќи.

Постапувајќи по решенија на Комисијата за хартии од вредност во однос на членките, Македонската берза во текот на 2011 година ги презеде следните активности:

- Врз основа на Решение на Комисијата за хартии од вредност, со кое се изрекува мерка привремена забрана на брокерската куќа Нови Триглав АД Скопје за вршење на сите услуги со хартии од вредност за кои има добиено дозвола од Комисијата за хартии од вредност, Македонската берза донесе одлука за привремено исклучување од членство во Берзата на членката Нови Триглав АД Скопје, со времетраење од 30 работни дена, започнувајќи од ден 24.02.2011 година. Воедно, како последица на доставено Решение од Комисијата за хартии од вредност со кое се одзема дозволата за работа на истата брокерска куќа, Берзата трајно ја исклучи од членство Нови Триглав АД Скопје почнувајќи од 05.04.2011 година.

- Врз основа на Решение на Комисијата за хартии од вредност, со кое се изрекува мерка привремена забрана на брокерската куќа Фершпед Брокер АД Скопје за вршење на сите услуги со хартии од вредност за кои има добиено дозвола од Комисијата за хартии од вредност, Македонската берза донесе одлука за привремено исклучување од членство во Берзата на членката Фершпед Брокер АД Скопје, со времетраење од 30 работни дена, започнувајќи од ден 07.03.2011 година.

- Врз основа на Решение на Комисијата за хартии од вредност, со кое се изрекува мерка трајно одземање на дозволата за работење на брокерската куќа Ауктор&Хита брокери АД

Скопје, Македонската берза донесе одлука за трајно исклучување од членство во Берзата на членката Ауктор&Хита брокери АД Скопје започнувајќи од ден 16.12.2011 година.

Состојбите со статусот на членките на Македонска берза АД Скопје во текот на 2011 година се презентирани во следнава табела:

| **Состојби со статусот на членките на Македонска берза АД Скопје** | | | |
|---|---|---|---|
| • Број на членки на Берзата на почеток на 2011 година | | **20** | |
| | | | |
| Привремено исклучување од членство | *Назив* | *Датум на привремено исклучување од членство* | *Датум на повторно стекнување на статусот на членка* |
| | Нови Триглав АД Скопје | 24.02.2011 | / |
| | Фершпед Брокер АД Скопје | 07.03.2011 | 18.04.2011 |
| | Ауктор&Хита Брокери АД Скопје | 24.08.2011 | 25.08.2011 |
| | | | |
| Трајно исклучување од членство | *Назив* | *Датум на трајно исклучување од членство* | *Шифра за тргување* |
| | Нови Триглав АД Скопје | 05.04.2011 | НТ |
| | Ауктор&Хита брокери АД Скопје | 16.12.2011 | АК |
| | | | |
| Мирување на членство | *Назив* | *Датум на почеток на мирување* | *Датум на престанок на мирување* |
| | Охридска банка АД Охрид | 27.06.2011 | 18.08.2011 |
| | | | |
| • Број на членки на крај на 2011 година | | **18** | |

Во продолжение е презентирана листа на членки на Македонска берза АД Скопје, со состојба на ден 31.12.2011 година:

| ЧЛЕНКА | ШИФРА |
|---|---|
| | |
| **Алта Виста Брокер АД Скопје** | **АВ** |
| **Битола Брокер АД Битола** | **ББ** |
| **Бро-Дил АД Скопје** | **БД** |
| **Еуро Брокер АД Скопје** | **ЕУ** |
| **Еурохаус АД Скопје** | **ЕХ** |
| **Фершпед Брокер АД Скопје** | **ФР** |
| **Инвестброкер АД Скопје** | **МИ** |
| **Илирика Инвестментс АД Скопје** | **ИЛ** |
| **Иново Брокер АД Скопје** | **ИН** |
| **Комерцијална банка АД Скопје** | **КБ** |
| **МОЈ Брокер АД Скопје** | **МО** |
| **НЛБ Тутунска банка АД Скопје** | **ТН** |
| **Охридска банка АД Охрид** | **ОХ** |
| **ПЕОН Брокер АД Скопје** | **ПЕ** |
| **Поштел Брокер АД Скопје** | **ПТ** |
| **Стопанска банка АД Скопје** | **СБ** |
| **ТТК Банка АД Скопје** | **ТК** |
| **Централна кооперативна банка АД Скопје** | **СЛ** |

## 5.2. Овластени брокери

Во 2011 година состојбата со статусот на овластените брокери со право за пристап до БЕСТ системот на Македонска берза АД Скопје е презентирана во следнава табела:

| **Овластени брокери со право на пристап до БЕСТ** | |
|---|---|
| Број на овластени брокери со право за пристап до БЕСТ системот на почеток на годината | **68** |
| | |
| Број на овластени брокери кои се стекнале со правото за пристап до БЕСТ системот | **7** |
| Број на овластени брокери на кои им е суспендирано правото за пристап до БЕСТ системот | **27** |
| Број на овластени брокери на кои им е активирано суспендираното право за пристап до БЕСТ системот | **7** |
| | |
| Број на овластени брокери со право за пристап до БЕСТ системот на крај на годината | **55** |

Намалувањето на бројот на овластени брокери со право за пристап до БЕСТ системот во текот на 2011 година се должи, пред се, на намалувањето на бројот на членки на Берзата во истиот период, како и намалениот обем на работа на активните членки на Берзата.

Во текот на 2011 година Берзата ги водеше и редовно ги ажурираше регистарот на членки и регистарот на брокери, согласно одредбите на Правила за членство на Берзата.

# 6. НАДЗОР НА ТРГУВАЊЕТО

Во текот на 2011 година, Македонската берза АД Скопје континуирано ја спроведуваше функцијата на надзор над тргувањето со хартии од вредност, чија крајна цел беше одржување на ефикасен и стабилен пазар на хартии од вредност. Оваа активност, пред се, подразбираше вонтеренско следење на тргувањето на Берзата, теренска и вонтеренска контрола на членките на Берзата и воочување на евентуални вонредни пазарни состојби, а врз основа на тоа и соодветни интервенции на Берзата во одредени ситуации.

Во текот на 2011 година, Берзата достави неколку известувања до Комисијата за хартии од вредност за реализирани трансакции на Македонска берза за кои Берзата во своите анализи утврди дека е можно да постојат индиции за невообичаени пазарни активности на инвеститори.

Врз основа на Барање на Комисијата за хартии од вредност од 21.12.2010 година со кое се задолжува Берзата да спроведе контрола на позадинското работење на сите нејзини членки со цел да се провери пристапот до базите на податоци на back office апликациите на членките, Берзата во рамките на своите надлежности и овластувања ги презема потребните подготвителни активности и изврши директна контрола на режимот на пристап и управување со базата на податоци на back office апликациите на сите членки во текот на месец Февруари и Март 2011 година (утврдување на состојбите во поглед на документацијата со која располагаат членките во врска со режимот на управување и пристапот до базата на податоци на back office апликацијата на членките и утврдување на фактичките состојби во врска со пристапот до базата на податоци). Берзата изврши сумирање на наодите од спроведените контроли на позадинското работење на членките на Берзата, за што соодветно ја извести Комисијата за хартии од вредност.

Врз основа на Програмата за работа на Македонска берза АД Скопје за 2011 година, во која, во рамките на извршувањето на редовните активности поврзани со надзорот, предвидено е контролите на членките на Македонската берза во текот на 2011 година да се вршат првенствено преку вонтеренска контрола на членките на Берзата и редовно следење на тргувањето и воочување на евентуално вонредни пазарни состојби, како и вршење на теренски контроли на определени членки базирана на принципот на постоење ризик (risk based approach), Секторот за деловни операции изготви Предлог-План за контроли на 8 членки на Македонската берза во 2011 година. За спроведените контроли беа изготвени записници, и истите, во предвидениот рок, беа доставени до членките на Берзата. Во предвидениот рок за доставување приговори по записник, ниту една членка не достави приговор, по што, Берзата подготви Извештај за извршените контроли и истиот беше разгледан од страна на Одборот на директори на Берзата.

Врз основа на претходно спроведените теренските контроли (редовни годишни контроли во 2010 година и контроли по барање на КХВ) и една вонтеренска контрола, како вообичаена активност на надзорот на Берзата беа поднесени шест предлози за отпочнување на

дисциплински постапки против членки на Берзата. Во врска со поднесените предлози за отпочнување на дисциплински постапки, Дисциплинската комисија на Берзата одржа неколку состаноци, на кои беше разгледана целокупната документација во врска со поднесените предлози, беа повикани претставници на членките на испитување заради утврдување на фактичката состојба. За четири случаи беше донесена дисциплинска мерка согласно Правилата за однесување и дисциплина на Македонска Берза АД Скопје, додека во два случаи дисциплинската постапка беше запрена заради постоење на околности поради кои се исклучува одговорноста на членката.

## 6.1. Проект за имплементација на автоматизирани техники на контрола

Во текот на 2011 година беше реализиран интерен проектот за имплементација на автоматизирани техники на контрола на тргувањето со хартии од вредност на Македонска Берза АД Скопје. Следејќи ги глобалните трендови за спроведување на надзор над пазарот на хартии од вредност, а притоа тргнувајќи од своите можности, Берзата пристапи кон развивање на апликација која ќе може самостојно да генерира информации за невообичаени пазарни состојби, потенцијани сомнителни трансакции склучени на Берзата, односно да генерира информации за трансакции кои би можеле да упатуваат на манипулативни трговски практики или на други забранети активности при тргувањето со хартии од вредност, а кои потоа би биле предмет на дополнителна контрола од страна на Секторот за деловни операции во Берзата.

За реализација на Проектот за имплементација на автоматизирани техники на контрола над тргувањето со хартии од вредност на Македонска Берза АД Скопје беше формиран проектен тим од вработени во Берзата кои работеа на развивање на параметри и методологија за детекција на специфични трансакции на Берзата, чии резултати потоа беа искористени за развивање на апликација на надзор која врши автоматизирано профилирање на трансакции кои треба да бидат предмет на понатамошна контрола од страна на Секорот за деловни операции. За овие активности беа користени внатрешните ресурси на Берзата, како кадровски, така и технички.

Сите развојни фази на овој проект беа заокружени заклучно со последните денови на извештајниот период, при што апликацијата ќе почне да се користи во текот на 2012 година. Настојувањата на Берзата при реализацијата на овој проект беа да се изврши дополнително зајакнување на надзорната функција на Берзата над пазарот на хартии од вредност во однос на детектирањето на специфични пазарни состобји и евентуалните пазарни манипулации, а со единствена цел обезбедување на фер и регуларен пазар на хартии од вредност.

# 7. ПРАВНИ И НОРМАТИВНИ АКТИВНОСТИ

Активностите на Берзата во рамките на нејзиното правно-нормативно работење во текот на 2011 година сумарно се прикажани преку следните области:

## 7.1. Изменување и дополнување на важечки акти на Берзата и донесени нови акти

Со цел усогласување со измените и дополнувањата на законските прописи, како и подобрување на постоечките акти на Берзата од аспект на појасна и поефикасна имплементација на истите од страна на субјектите на кои се однесуваат и подобро организирање на секундарниот пазар на хартии од вредност од страна на Берзата, во текот на 2011 година беа направени измени во неколку акти на Берзата, и беа донесени неколку нови интерни акти.

### *7.1.1. Правилата за тргување на Берзата*

- *Активности во врска со стапувањето во сила на Анекс 3 од Правила за тргување на Берзата „ Правила за регулирање на начинот на запишување на јавно понудени хартии од вредност преку берза”*

Со цел усогласување со измените во Законот за хартии од вредност, почнувајќи од 12.01.2011 годна започна да се применува новиот текст на Анекс 3 од Правилата за тргување на Берзата во кои се регулира запишувањето на јавно понудени хартии од вредност од примарна емисија преку берза , на што му претходеше донесување на Одлука од 16.12.2010 година за измени и дополнувања на Правилата за тргување на Берзата од страна на Одборот на директори на Берзата и Решение бр.УП1 08-180 од Комисијата за хартии од вредност со кое се дава согласност на Одлуката.

Освен уредувањето на реализацијата на примарните емисии на хартии од вредност преку Берзата, со овие измени во Правилата за тргување на Берзата се овозможи и склучување на трансакции со хартии од вредност на Берзата во кои и од куповната и од продажната страна ќе се јави една иста сметка, доколку таа сметка е збирна сметка, согласно Правилата за работа на Депозитарот, а воедно се воведе и измена во член 59 од Правилата за тргување во насока на усогласување на одредбите од овој член со новините кои произлегуваат од воведувањето на Гарантниот фонд на ЦДХВ.

- *Активности во врска со измена на Правилата за тргување заради воведување на поддржувачи на ликвидност на пазарот на хартии од вредност*

Имајќи го предвид значењето на поддржувачите на ликвидност за зголемување на ликвидноста на хартиите од вредност, зголемување на длабочината на пазарот, овозможување на полесен влез и излез на инвеститорите во/од одредена хартија од вредност, како и намалување на осцилациите на цените во различни пазарни ситуации, а согласно усвоената Програма за работа за 2011 година, во текот на првата половина на 2011 година Берзата ги превзеде потребните нормативни и технички активности за воведување на овој тип на услуга на македонскиот пазар на хартии од вредност. Имено, во текот на месец март 2011 година, Работната група за развој на Правилата за тргување и системот за тргување на Македонска Берза АД Скопје одржа состанок на кој беше поддржана иницијативата за воведување на поддржувачи на ликвидност на пазарот

и беа дадени сугестии во однос на некои решенија во текстот на Правилата за тргување на Берзата што ќе ја регулираат оваа проблематика. Одлукта за измени и дополнувања на Правилата за тргување на Берзата со која се воведоа поддржувачите на ликвидност како нова услуга на учесници на пазарот на хартии од вредност беше донесена од страна на Одборот на директори на Берзата на 14.04.2011 година и за истата е добиена согласнот од Комисијата за хартии од вредност со Решение бр.08-УП1-55 од 27.05.2011 година. Постапувајќи по решението за согласност, со кое освен што се даде согласност на Одлуката за измени и дополнувања на Правилата за тргување, Берзата се задолжи да импленитира во Правилата одредени измени и дополнувања наложени од Комисијата за хартии од вредности, Одборот на директори на Берзата донесе одлуки со кои се постапи според наложбите од Комисијата.

Во рамките на подготовката за воведување на поддржувачи на ликвидност (маркет мејкери) на Берза, во јуни 2011 година во просториите на Берзата се одржа состанок со неколку банки, членки на Берзата кои имаат лиценца за извршување на работи со хартии од вредност како принципал, што е предуслов за извршување на активности на поддржувачи на ликвидност. Целта на состанокот, кој беше инициран од страна на Берзата, беше да се изврши кратка презентација на новините во Правилата за тргување кои се однесуваат на воведување на поддржувачи за ликвидност и опсервација на условите и можностите за практични заживување на оваа нова активност за членките на Берзата. Дополнително, во текот на месец јуни 2011 година се одржа втор состанок на кој покрај претставниците на банките и Берзата, беа поканети и присуствуваа и претставници на Народна Банка на РМ, на кој се дискутираше за определени прашања во надлежност на НБРМ, а кои ги засегаат банките во однос на нивно активирање како поддржувачи на ликвидност за хартии од вредност на Берзата.

Со цел операционализација на одредбите од Правилата за тргување во делот на воведување на поддржувачи на ликвидност (маркет мејкери) Берзата изврши дефинирање на критериумите и ликидните нивоа за распределба на хартиите од вредност по групи, условите кои поддржувачите на ликвидност треба да ги исполнат, престанокот на дневната обврска на поддржувачот на ликвидноста, како и бројот на непоследователни трговски денови во еден месец и процентот на исполнување во однос на вкупното траење на тргувањето во тој месец. Измените и дополнувањата на Правилата за тргување со кои се воведуват поддржувачи на ликвидност за хартиите од вредност кои се тргуваат на пазарните сегменти на Берзата започнаа да се применуваат од 15.07.2011 година.

### *7.1.2. Правилата за котација на Берзата*

- *Измена на Правилата заради подигнивање на стандардите за обелоденување на ценовно чувствителни информации*

Одборот на директори на Македонската берза на седницата одржана на 14.04.2011 година донесе Одлука за измени и дополнувања на Правилата за котација бр. 02-651/1. На 27.05.2011 година Комисијата за хартии од вредност донесе Решение бр. УП1 08-55 со кое се дава Согласност на Одлуката, со што започна и важноста на истата од 30.06.2011 година.

Најголем дел измените и дополнувања на Правилата за котација се направени во насока на усогласување со Измените и дополнувањата на Законот за трговски друштва, Законот за хартии од вредност и подзаконските акти на Комисијата за хартии од вредност.

Како новини кои се воведоа со измените и дополнувања на Правилата за котација, а кои важат и за друштвата на Супер котација и за друштвата на Берзанска котација, се: обрската за известување за сите нови кредитни задолжувања со рочност подолга од шест месеци, обрската за известување во случаите кога се постигнува или веќе е постигнато вкупно кумулативно задолжување на друштвото од најмалку 50% од вредноста на капиталот на друштвото определено врз основа на последните ревидирани консолидирани годишни финансиски извештаи и објавување консолидиран тримесечен и деветмесечен неревидиран Биланс на успех, консолидиран шестмесечен Биланс на состојба и Биланси на успех, во рок од 60 дена по истекот на периодот на која се однесуваат билансите, како и годишни неревидирани финансики извештаи во рок од 90 дена од периодот за кој се однесува.

За друштвата кои се на Берзанска котација со измените и дополнувањата на Правилата за котација воведена е обврската за објавување на Предлог Одлуките за Собрание на акционери истиот ден со денот на јавниот повик за свикување седница на Собранието на акционери, со право Берзата времено да го прекине тргувањето со акциите на друштвото во периодот од објавувањето на јавниот повик до објавувањето на содржината на предлог-одлуките доколку објавувањето не се спроведе синхронизирано.

- *Измени и дополнувања на Правилата со цел дефинирање на пазарната капитализација на Берзата*

Македонска берза АД Скопје, согласно барањето од дописот бр.08-109/8 од 26.09.2011 година на Комисијата за хартии од вредност, пристапи кон изменување и дополнување на Правилата за котација во насока на дефинирање на пазарна капитализација на поединечна хартија од вредност, издавач и пазарен сегмент. Во Одлуката се пропишува начинот на пресметка на пазарната капитализација на поединечна хартија од вредност, издавач и пазарен сегмент. Притоа, пазарната капитализација на издавач на хартии од вредност се пресметува како збир од пазарните капитализации на акциите од сите родови кои ги има издадено издавачот, при што се пропишува дека пресметката на пазарната капитализација по род на акции се добива како производ од вкупниот број на издадени акции од родот и дневната официјална просечна цена на акциите од родот на одреден датум. Покрај пазарната капитализација на сопственичките хартии од вредност, се пропишува и пресметката на пазарната капитализација на емисија на обврзници која се пресметува како производ од бројот на издадени обврзници, номиналната вредност на една обврзница и официјалната просечната цена на одреден датум, не вклучувајќи ја ануитетската камата. Воедно, во Одлуката се пропишува и пресметката на пазарната капитализација на пазарен сегмент, а за таа цел и на соодветен пазарен подсегмент. Притоа, пазарна капитализација на одреден пазарен подсегмент претставува збир на пазарните капитализации на хартиите од вредност регистрирани на тој пазарен подсегмент, додека пазарна капитализација на одреден пазарен сегмент претставува збир на пазарните капитализации на сите негови пазарни подсегменти. Во пресметката на пазарната капитализација на одреден пазарен сегмент односно подсегмент не влегуваат хартиите од вредност кои се примени на тргување на Берзата (некотирани хартии од вредност), освен хартиите од вредност со кои се тргува на Пазарот на акционерски друштва со посебни обврски за известување.

Комисијата за хартии од вредност согласно Решението бр.08-УП1-99 од 09.11.2011 година не даде согласност на Одлуката за измена и дополнување на Правилата за котација со образложение дека Берзата не ја дефинирала вкупната пазарна капитализација, а при пресметката на пазарната капитализација на одреден пазарен подсегмент се исклучуваат

хартиите од вредност кои се примени на тргување на Берзата (некотирани хартии од вредност), освен хартиите од вредност со кои се тргува на Пазарот на акционерски друштва со посебни обврски за известување. Поради тоа, Одборот на директори заклучи Берзата, при објавувањето на пазарната капитализација, како статистичка категорија, и понатаму да продолжи да ја користи методологијата за пресметка на пазарна капитализација прифатена од Федерацијата на европски и светски берзи.

### *7.1.3. Тарифник за висина на надоместоците на Берзата*

Со цел да се направи диверсификација на приходите со што би се овозможило порентабилно работење и реструктурирање на начинот на финансирање на работењето на Берзата во услови на намален обем на берзанско тргување и намалени приходи на Берзата по основ на надоместок за тргување, како и со цел следење на трендовите на поразвиените пазари на хартии од вредност во делот на производите за дистрибуција на берзански информации, Одборот на директори на Берзата на 14.04.2011 година донесе Одлука за измени и дополнувања на Тарифникот за висината на надоместоците на Берзата. Со Одлуката се предвидоа измени во насока на редефинирање и/или нивелирање на некои од постојните тарифни ставки во делот на надолестоците за котација, за запишување на хартии од вредност при реализација на јавна понуда на хартии од вредност преку берза, како и воведување на надоместок за објавување на податоци на веб-страницата на Берзата согласно член 166-б од Законот за хартии од вредност. Воедно, со предложените измени, се воведоа и нови тарифни ставки во делот на надоместоците за дистрибуција на берзански информации, како последица на креирањето на нови модерни продукти од страна на Берзата, кои беа развиени во рамките на соработката што Македонската берза ја остварува со Виенската берза при дистрибуирање на берзански податоци и информации на меѓународни вендори.

По донесувањето на Одлуката за измени и дополнувања на Тарифникот за висината на надоместоците на Берзата, истата, на 26.04.2011 година, беше доставена до Комисијата за хартии од вредност за добивање на согласност. Постапувајќи по барањето за согласност, Комисијата за хартии од вредност на 27.05.2011 година донесе Заклучок бр.08-УП1-54 со кој се прекинува постапката за добивање согласност на измените и дополнувањата на Тарифникот на Берзата и се задолжува Берзата да изготви и да достави до Комисијата одредени информации и анализи поврзани со релевантините надоместоци, како услов Комисијата за хартии од вредност да ја продолжи и да одлучи во постапката за согласност на измените и дополнувањата на Тарифникот на Берзата од 14.04.2011 година.

Постапувајќи по Заклучокот бр.08-УП1-54, Берзата ги изготви бараните информации и анализи и ги достави до Комисијата за хартии од вредност на 29.06.2011 година. До крајот 2011 година, Комисијата за хартии од вредност сеуште нема доставено решение до Берзата со кое се одлучува за побараната согласност за измени и дополнувања на Тарифникот на Берзата.

### *7.1.4. Изготвување на План за континуитет*

Имајќи ги предвид определбите на Берзата за одржување на сигурен пазар на капитал во Република Македонија, како и нејзините заложби за следење на светските трендови во насока на непречено одвивање на берзанското работење во критични ситуации, Берзата пристапи кон воспоставување на План за континуитет во работењето на Берзата. Притоа, под критични ситуации се подразбираат пожар, поплава, земјотрес и други видови закани за непречено

одвивање на работењето поради причини кои Берзата не може да ги контролира или во случаи кога средствата за работа на Берзата се физички и телекомуникациски оштетени, односно не се достапни средствата од кои зависи одвивањето на критичните деловни операции на Берзата.

Основна цел на Планот за континуитет во работењето на Берзата, кој во 2011 година беше усвоен од страна на Одборот на Директори на Берзата, е разумно гарантирање на непреченото одвивање на критичните деловни операции и минимизирање на евентуалната штета која би ја претрпеле инвеститорите, членките на Берзата и Берзата преку активно и превентивно спроведување на дејствија и мерки со кои ќе се намалат ризичните ефекти кои можат да бидат предизвикани во случај на значително пореметување во одвивањето на критичните деловни операции, имајќи предвид дека соодветното планирање и правовременото реагирање се од витално значење во вакви ситуации.

## 7.2. Годишно собрание на акционери на Берзата

На 20.05.2011 година беше одржана седница на Собранието на акционери на Берзата, на кое беа усвоени: Годишниот извештај за работа на Македонската берза АД Скопје за 2010 година, Извештајот за работа на Одборот на директори за 2010 година, Финансиските извештаи за 2010 година и Програмата за работа на Македонската берза АД Скопје за 2011 година. Воедно, Собранието на акционери на Берзата ги донесе следните одлуки: Одлука за усвојување на годишната сметка на Македонска берза АД Скопје за 2010 година, Одлука за распоредување на добивката по годишната сметка за 2010 година, Одлука за распределба на нераспределена (задржана) добивка по годишната сметка за 2010 година, Одлука за утврдување на датуми при исплата на дивиденда за 2010 година, Одлука за именување на ревизор на финансиските извештаи на Македонска берза АД Скопје за 2011 година.

Во предвидените рокови Берзата ги презеде сите потребни активности за спроведување на одлуките од Собранието на акционери.

## 7.3. Извршени контроли и комуникација со Комисијата за хартии од вредност

### *7.3.1. Редовна контрола од страна на Комисијата*

Во врска со извршената редовна годишна контрола на работењето на Берзата од страна на Комисијата за хартии од вредност од 22.12.2010 година, Комисијата достави Записник за наодите од контролата до Берзата, во кој не беа констатирани неусогласености на работењето на Берзата со Законот за хартии од вредност.

На ден 21.12.2011 година, Комисијата за хартии од вредност ја изврши редовната годишна контрола на работењето на Берзата, со цел проверка на целокупното работење на Берзата во 2010 година. До крајот на извештајниот период не беше доставен записникот од Комисијата за извршената контрола.

### *7.3.2. Вонредна контрола над работењето на Берзата од страна на Комисијата за хартии од вредност со цел утврдување на пазарната капитализација*

Како резултат на измените во Тарифникот за утврдување на висината на надоместоците што ги наплатува Комисијата за хартии од вредност, согласно кој Берзата на име „надомест за надзор на берзите" е должна да плаќа годишен надоместок на Комисијата за хартии од вредност во висина од 0,006% од вкупната пазарна капитализација на сите сегменти на пазарот на последниот ден на тргувањето во претходната година, на 20.01.2011 година КХВ изврши непосредна контрола во Берзата за утврдување на пазарната капитализација.

Комисијата за хартии од вредност достави до Берзата Записник бр.08-109/3 од 16.02.2011 година од спроведената вонредна контрола. Притоа, имајќи предвид дека во добиениот Записник не беше јасно и прецизно дефиниран точниот износ на вкупната пазарна капитализација на сите сегменти на пазарот на последниот ден на тргувањето на Берзата во 2010 година, Берзата на 28.02.2011 година достави до Комисијата Приговор на Записникот бр.08-109/3 со барање за техничко уточнување на дел од фактите изнесени во Записникот. Воедно, имајќи го предвид значајното учество на регулаторниот трошок во вкупните трошоци на Берзата и ефектите што овој вид на фиксен трошок ги има врз финансиската состојба на Берзата, заедно со Приговорот беше доставен посебен допис до Комисијата за хартии од вредност со барање за ревидирање на износот и основите за пресметка на надоместокот за надзор на Берзата, предвиден во важечкиот Тарифник на Комисијата, со барање за преиспитување на овој вид на надоместок.

Во Одговорот на поднесениот приговор што Комисјата за хартии од вредност го достави до Берзата беше прецизиран точниот износ на вкупната пазарна капитализација на Берзата за 2010 година.

### *7.3.3. Вонредна контрола над работењето на Берзата од страна на Комисијата за хартии од вредност во врска со реализацијата на јавни понуди на акции*

Реализацијата на првата јавна понуда на хартии од вредност од примарна емисија на Берза, чиј предмет беа акциите на издавачот Комерцијална Банка АД Скопје, се изврши на ден 11.02.2011 година. Текот на таа прва трговска сесија на примарниот пазар на Берзата и постапката на внес на налози во БЕСТ системот ги следеа претставници на Комисијата за хартии од вредност во просториите на Берзата.

Во врска со спроведената јавна понуда за хартии од вредност чиј предмет беа акциите на издавачот Еурохаус АД Скопје, Комисијата за хартии од вредност изврши вонредна контрола на Берзата, со цел проверување на постапката на внес на налози во БЕСТ системот на Берзата во процесот на запишување на акциите на денот на отпочнување на рокот за запишување и уплата на акциите. При тоа, од страна на Комисијата за хартии од вредност не беа констатирани никакви неправилности.

### *7.3.4. Известување на Комисијата согласно закон и подзаконски акти*

Во текот на 2011 година, со цел исполнување на обврските за известување пропишани со законските и подзаконските акти, Берзата редовно доставуваше дневни, неделни и месечни извештаи за своето работење до Комисијата за хартии од вредност, како и други акти, извештаи и известувања согласно законот. Воедно, покрај редовната комуникација, во текот на

извештајниот период Берзата доставуваше други дополнителни дописи и известувања до Комисијата, како на барање на Комисијата за хартии од вредност, така и на своја иницијатива.

## 7.4. Доставување одговори на поднесени барања

Во текот на оваа година, Берзата континуирано доставуваше одговори по доставени барања во општа управна постапка од надлежните органи и институции, како и од физички лица, кои во текот на извештајниот период во голема фрекфенција се обраќаа до Берзата, претежно заради добивање на податоци за цени на склучени берзански трансакции и за пазарната вредност на хартии од вредност со кои се тргува на Берзата.

## 7.5. Остварена комуникација и соработка со други институции

### *7.5.1. Комуникација со Владата на Република Македонија*

Во врска со одредбата од Тарифникот за утврдување на висина на надоместоци кои ги наплатува Комисијата за хартии од вредност, со кој се утврдува месечен надоместок за надзор на берзите во висина од 0,006% од вкупната пазарна капитализација на сите сегменти на пазарот на последниот ден на тргување во претходната година, Берзата се обрати писмено до Владата на Република Македонија за иницирање на постапка за ревидирање на Тарифникот на Комисијата заради негово прилагодување со мометалниот деловен и пазарен амбиент и финансиската состојба во која се наоѓа Берзата. Имено, вака утврдениот регулаторен надоместок претставува значајна измена и огромно оптеретување кое суштински го менува финансиското работење Берзата како нејзино функционирање како акционерско друштво и како ефикасен организатор на пазарот на хартии од вредност.

На доставениот допис, од Владата на Република Македонија беше писмено одговорено дека согласно Законот за постапување по преставки и предлози барањето на Берзата е доставено до Комисијата за хартии од вредност која, како надлежна институција за утврдување на висината на надоместокот за надзор на Берзите, е должна во законски утврден рок да се произнесе пред Владата за конкретната преставка на Берзата.

Врз основа на писменото обраќање на Берзата до Владата на Република Македонија во врска со усвоените измени на Тарифникот на Комисијата за хартии од вредност, што одат во насока на зголемување на регулаторниот трошок на товар на Берзата, беше остварена и средба со Премиерот на Владата и Министерот за финансии. Воедно, на тој состанок, исто така, беше презентирана иницијативата на Берзата за соодветни активности што би можеле да се превземат во функција на понатамошниот развој на македонскиот пазар на хартии од вредност и потребата од координација на разни институции во овој поглед.

### *7.5.2. Комуникација со Управата за спречување на перење пари*

Во врска со измените на Законот за спречување на перење на пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам објавени во "Службен весник на Република Македонија" бр.35 од 22.03.2011 година, Берзата со писмен допис ја извести Управата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам дека заради измените во членот 5 од Законот, Берзата повеќе нема статус на субјект односно лице со обврска за преземање на сите мерки и дејствија

за спречување на перење пари и финансирање на тероризам предвидени со овој Закон, заради што престана да ја применува Програма за имплементација на мерките за спречување на перење на пари и финансирање на тероризам.

#### *7.5.3. Соработка со државни органи во врска со тргувањето со акциите на ОИЛКО КДА Скопје*

Кон крајот на 2010 година до Берзата беше доставено барањето за известување од Основно Јавно Обвинителство Скопје во врска со можноста за тргување со акциите на ОИЛКО КДА Скопје на Берзата. Во текот на јануари 2011 година Берзата достави одговор на ова барање во кој прецизно и детално беа опишани сите релевантни аспекти во овој случај, а согласно барањето на Основното Јавно Обвинителство Скопје, со укажување дека Одборот на директори на Берзата своите одлуки и заклучоци околу тргувањето со акциите на ОИЛКО КДА Скопје на Берзата ги донесувал исклучиво во рамките на законската и подзаконската регулатива и согласно добиените ставови на Комисијата за хартии од вредност како регулатор и контролор на пазарот на хартии од вредност во Република Македонија.

## 7.6. Други правни и нормативни активности

#### *7.6.1. Обновување на дозволите за работење на брокер за вработени во Берзата*

Согласно член 86, став 2, е) од Законот за хартии од вредност, Берзата е должна во секој момент да има најмалку тројца вработени лица со дозвола за работа со хартии од вредност издадена од Комисијата за хартии од вредност. Воедно, согласно член 89, став 2, под в) од Законот за хартии од вредност, за извршните директори во Берзата е предвидена задолжителна обврска за поседување на важечка дозвола за работа со хартии од вредност издадена од Комисијата за хартии од вредност.

Имајќи предвид дека на извршните директори на Берзата, како и на најголем дел од вработените лица во Берзата рокот на важност на дозволите за работење на брокер им истекуваше на 26.06.2011 година, а со цел усогласување на работењето на Берзата со законските одредби, во пропишаните рокови се пристапи кон обновување на дозволата за работење на брокер на извршните директори на Берзата и на вработените лица во Берзата распоредени на раководни места согласно Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места на Берзата.

#### *7.6.2. Промени во Одборот на директори на Берзата*

Во текот на 2011 година беше направена измена на составот на Одборот на директори на Берзата, поради тоа што дотогашниот неизвршен член и Претседателот на Одборот, г-дин Кристијан Поленак поднесе оставка од функцијата поради неговиот избор за член на Надзорниот одбор во Шпаркасе Македонија АД Скопје (која е акционер на Берзата) и некомпатибилност на двете функции. Од тие причини, Одборот на директори на Берзата го избра неизвршниот член, г-динот Кирил Митровски, за нов Претседател на Одборот. Со цел пополнување на испразнетото место на неизвршен и независен член на Одборот на директори на Берзата, а постапувајќи во согласност со член 77 од Законот за хартии од вредност и Статутот на Берзата, Одборот на директори го избра г-динот Александар Стојков за вршител на должноста

независен и неизвршен член Одборот на директори до одржувањето на наредното Годишно акционерско собрание на Берзата.

Во текот на извештајниот период, Берзата во целост ја спроведе постапката за упис на промената на Претседателот на Одборот на директори на Берзата и запишување на г-динот Стојков како вршител на должноста неизвршен независен член на Одборот на директори на Берзата во Регистарот на правни лица при Централен регистар на РМ.

# 8. АКТИВНОСТИ ВО ВРСКА СО ПРОДАЖБА НА БЕРЗАНСКИ ИНФОРМАЦИИ

Во текот на 2011 година, Македонската берза продолжи со активностите за дистрибуција на податоците од тргувањето со хартии од вредност на Берзата, преку продолжување на соработката со постојните дистрибутери и воспоставување на соработка со нови професионални дистрибутери, а со цел долгорочно зголемување на визибилноста и атрактивноста на македонскиот пазар на хартии од вредност и привлекување на поголем број регионални и меѓународни инвеститори.

Како резултат на наведеното и користејќи ги продобивките од воведувањето на FIX протоколот од страна на Македонската берза, Берзата ја продлабочи соработката со глобалниот дистрибутер на Финансиски податоци Bloomberg, преку потпишување на Анекс кон меѓусебниот договорот во насока на надградба на продуктот за дистрибуција на берзански информации во реално време од Ниво 1 на Ниво 2, непосредно преку дистрибутивната инфраструктура на Берзата.

Воедно, во рамките на соработката со Виенската берза во делот на меѓународната дистрибуција на берзански податоци, во текот на 2011 година беа реализирани стратешките определби за понатамошно проширување на мрежата на меѓународни вендори на берзанските податоци на Македонската берза. Имено, во текот на извештајниот период Виенската берза склучи договор за дистрибуција на податоците од тргувањето со хартии од вредност на Македонската берза во реално време Ниво 2 со еден меѓународен дистрибутер, договор за дистрибуција на берзанските податоци на крајот на трговскиот ден со три меѓународни дистрибутери и договор за дистрибуција на берзанските податоци со задоцнување со еден меѓународен дистрибутер.

Во текот на 2011 година Македонската берза, склучи нов договор за дистрибуција на берзански информации во реално време со МАПАС, договори за дистрибуција на берзански информации на крајот на трговскиот ден со Капитал Медиа Гроуп и НБРМ, Договор за користење на Тикер со Капитал Медиа Гроуп и Договор за користење на продуктот МБ-НЕТ со КБ Прво Пензиско друштво.

Врз основа на наведеното, во прилог е презентирана вкупната состојба со дистрибутери што се претплатени за прием, односно прием и редистрибуција на податоците од тргувањето со хартии од вредност во сопственост на Македонска берза АД Скопје на 31.12.2011 година:

| | |
|---|---|
| **Локални дистрибутери** | **Тип на продукт** |
| | |
| **Еуро Брокер АД Скопје** | Реално време Ниво 2, со право на редистрибуција |
| **Интервеј ДОО Скопје** | Реално време Ниво 2, со право на редистрибуција |
| **МАПАС** | Реално време Ниво 1, без право на редистрибуција |
| **КАПИТАЛ МЕДИА ГРОУП** | Крај на трговски ден, со право на редистрибуција |
| **НБРМ** | Крај на трговски ден, со право на редистрибуција |
| **КБ Прво пензиско друштво** | МБ НЕТ, без право на редистрибуција |
| **КАПИТАЛ МЕДИА ГРОУП** | Тикер, без право на редистрибуција |
| | |
| **Меѓународни дистрибутери** | **Тип на продукт** |
| | |
| **Europoint Systems d.o.o.** | Реално време Ниво 1, со право на редистрибуција |
| **Thomson Reuters** | Реално време Ниво 1, со право на редистрибуција |
| **Teletrader** | Реално време Ниво 1, со право на редистрибуција |
| **Six Telekurs Ltd** | Реално време Ниво 1, со право на редистрибуција |
| **Bloomberg** | Реално време Ниво 2, со право на редистрибуција |
| | |
| **Меѓународни дистрибутери на инфраструктурата на Виенска берза** | **Тип на продукт** |
| | |
| **CME Group Index Services LLC** | Крај на трговски ден, со право на редистрибуција |
| **FTSE International Limited** | Крај на трговски ден, со право на редистрибуција |
| **Interactive Data** | Реално време Ниво 2, со право на редистрибуција |
| **Russell Investments** | Крај на трговски ден, со право на редистрибуција |
| **SNL Financial** | Податоци со задоцнување од најмалку 10 минути, со право на редистрибуција |

# 9. АКТИВНОСТИ ВО ДЕЛОТ НА ИНФОРМАТИЧКАТА И ТЕХНИЧКАТА ПОДДРШКА НА БЕРЗАТА

## 9.1. Актиности поврзани со БЕСТ системот

На крајот на Јануари 2011 година, беше потпишан нов договор за одржување на БЕСТ системот со компанијата Новита ДД Љубљана. Со овој договор предвидено е превентивно и инвестициско одржување на системот за тргување. Исто така, со овој договор предвидено е и бесплатно добивање на сите нови „ниски” верзии на верзијата 2.x на БЕСТ системот.

Во текот на годината се вршеа редовни проверки на функционалностите на БЕСТ системот. Врз основа на констатирани потреби за промена или подобрување на некои функционалности, беа извршени соодветни нарачки кај добавувачот Новита ДД Љубљана.

## 9.2. Реализирани набавки

Со Програмата за работа на Берзата за 2011 година беа предвидени набавки на хардверски и софтверски продукти. Дирекцијата за информатичка и техничка поддршка пристапи кон изработка на детална спецификација и прибирање на понуди од пет релевантни добавувачи на специфицирананта опрема. По пристигнувањето на понудите беше извршена анализа на истите од аспект на точност и компатибилност со бараната спецификација и беше извршена финансиска евалуација на секоја понудена компонента поединечно. По сето ова се пристапи кон потпишување на купопродажен договор со најповолниот понудувач.

Во текот на вториот и третиот квартал, согласно склучениот договор за набавка на хардверска опрема, беше извршено примопредавање на истата. Исто така, се пристапи кон тестирање на набавената опрема, при што беа извршени низа на тестови на хардверско и софтверско ниво. Дел од набавената опрема, односно работните станици за вработените, по успешните тестови беше пуштена во употреба, при што за секоја нова работна станица се изврши миграција на податоците од старите. Во вториот квартал исто така, во употреба беа пуштени и два од вкупно четирите ново набавени сервери. Првиот е Trading Gateway 1, а вториот е FIX Gateway кој служи за FIX поврзување на дистрибутерите на берзански податоци со системот за тргување.

Во третиот квартал пуштени се во употреба преостанатите два ново набавени сервери (Trading Engine и сервер за БерзаНет и репликација на податоци). При извршувањето на оваа операција беа спроведени низа на тестови на хардверско и софтверско ниво. Исто така, на ново набавената опрема беше извршено преконфигурирање на целата инфраструктура за репликација на базите на податоци, при што во случај на испад на примарниот сервер се добија следниве подобрувања:

- зголемена доверливост при процес премин на секундарен сервер
- забрзување на процесот на премин на секундарен сервер
- задржување на функционалност на сите странични системи во случај на премин на секундарен сервер.

## 9.3. Обновување на договорите за дигитални закупени линии за членките на Берзата

Во текот на 2011 година беше изработена анализа на потребите за комуникациско поврзување на членките на Берзата со Берзата и ЦДХВ, при што за ова беше изготвена детална информација до Одборот на директори на Берзата. По заклучок на Одборот на директори на Берзата, беа прибрани три понуди од релевантни понудувачи за реализација на ваквото поврзување. При разгледувањето на понудите, беше констатирано дека понудата на Македонски телеком е најсоодветна и ги задоволува бараните услови од спецификацијата, а притоа за истата услуга која веќе постои беше обезбеден попуст од 35%. Исто така, понудата содржеше и можност за промена на начинот на поврзување на членките со Берзата, без притоа да се пресметаат казнени пенали. По сето ова, со претставниците на Македонски телеком беше усогласен Анекс на договорот, во кој како и досега, се предвидува месечните трошоци за ваквото поврзување да ги плаќа секоја членка засебно. Врз основа на претходно наведеното, следеше потпишување на трипартитни договори помеѓу Македонски телеком, членките на Берзата и Берзата.

## 9.4. Изготвување на нова верзија на СЕИНет

За целите на имплементација на новата верзија на апликацијата СЕИНет во деловите за креирање на објави од страна на издавачите, уредување на објавите од страна на Берзата и администрација на самиот систем во соработка со Секторот за деловни операции беше извршена анализа на потребите и функционалностите. Исто така, беа изработени првичен дијаграм за структурата на податоците во новата базата на податоци и процесен дијаграм што ги претставува сите состојби на еден документ објавен од страна на издавачот.

Во вториот квартал се изврши имплементација на посебните сегменти за пристап до базата на податоци (Data Access Layer), а исто така се изврши избор на кориснички библиотеки за имплементација на корисничкиот интерфејс на поединечните апликациски модули. Во третиот квартал продолжи работата на новата верзија на апликацијата СЕИНет при што се започна со имплементација на корисничкиот интерфејс за двата модули (модул за издавачи и модул за вработени во берзата). Во текот на четвртиот квартал беше заокружена изработката на новата верзија на СЕИНет, при што беа финализирани следниве модули:

- *Модул за издавачите* = Овој модул е web базиран и се употребува од страна на котираните компании за креирање и ажурирање на документи за објавана СЕИНет. Во него се имплементирани следниве функции: креирање на документи, ажурирање на документи, барање за објава (веднаш и во определено време), работа на повеќе корисници за еден издавач, процес на испраќање на e-mail пораки до корисниците и издавачите по секоја реализирана акција и др.

- *Модул за администрација* - Овој модул е web базирана апликација која се употребува за администрација од страна на вработените во Секторот за деловни операции во Берзата.

- *Модул за автоматско објавување* - Овој модул е реализиран како windows сервис апликација, и истиот се користи за објавување на документи за кои е побарана објава во определено време.

- *Модул за миграција на податоците од старата верзија* - Овој модул е реализиран како Win32 апликација и истиот се употребува за трансформација на податоците од старата база на податоци на СЕИНет, во новата база. Во принцип, овој модул е за еднократна употреба, но неговата имплементација беше неминовна поради потребата за интегрирање на податоци од старата верзија на СЕИНет во новата верзија.

- *Web страница www.seinet.com.mk* - Во овој дел беше само извршена миграција на постојната верзија на повисока верзија на развојното опкружување, при што беше имплементиран само новиот начин на пристап до податоците со употреба на новата верзија на web сервиси.

- *Web сервиси* - Во овој модул беа имплементирани истите функционалности како во старата верзија, со таа разлика што како изворна база на податоци е новата база на СЕИНет.

## 9.5. Комуникација за дистрибутери на берзански податоци

Согласно договорениот план за имплементација на FIX комуникациското поврзување со ThomsonReuters, Bloomberg и Виенска берза во текот на 2011 година беше реализирано воспоставување на т.н. VPN тунел преку интернет, кој ќе користи за шифриран пренос на податоци од тргувањето. Во текот на третиот и четвртиот квартал е имплементирано и приклучувањето на продукцискиот FIX feed кој овозможува безбеден пренос на податоците од тргувањето во реално време.

Исто така, заради зголемување на доверливоста на конекциите на дистрибутерите на берзански податоци со берзанскиот систем преку FIX, беше извршено инсталирање на дополнителен FIX сервер за оваа намена. Хардверските ресурси употребени за оваа намена се презедоа од веќе постоечка опрема на Берзата

## 9.6. Други активности во делот на информатичката и техничката поддршка

### *9.6.1. Изработка на интерни извештаи за утврдување на ликвидносни нивоа во делот на имплементација на подржувачи на ликвидност*

Со имплементација на подржувачите на ликвидност, за потребите на Секторот за деловни операции, беа изработени интерни извештаи со најразлични содржини, при што беа употребени повеќе параметри за определување на ликвидносни ниво на хартиите од вредност.

### *9.6.2. Активности за унапредување на апликација за позадинско работење на членките*

Поради недоволен интерес кај членките на Берзата за реализација на симултано и централизирано воведување на апликацијата за позадинско работење се прекина со понатамошните активности во врска со овој проект.

Воедно, во текот на годината интензивно се анализираа други можности како да се подигне квалитетот и технологијата на постојните апликации за позадинско работење на членките,

односно како истите да обезбедат апликативен софтвер којшто ќе им овозможи да ги користат новововедните сервиси на Берзата базирани на употреба на FIXпротоколот.

#### *9.6.3. Тестирање на резервните линии на членките на Берзата*

Почнувајќи од 18.02.2011 година беше реализирано тестирање на резервните линии за пристап до БЕСТ системот на сите членки на Берзата. При реализирањето на тестирањето се констатира дека заклучно со 31.03.2011 година резервните линии кај најголемиот дел од членките на Берзата се функционални, освен кај три членки кои поради технички проблеми од нивна страна не можат да обезбедат резервни линии за пристап до БЕСТ системот.

#### *9.6.4. Промена на батериското поле па УПС уредите*

Поради значитено намален капацитет на батериското поле на УПС уредите во систем салата на Берзата беше извршена промена на исто. Во текот на процесот на промена не дојде до прекин во работењето на системот за тргување, како и на ниту еден друг инсталиран систем во Берзата.

# 10. ЕДУКАТИВНИ АКТИВНОСТИ

## <u>10.1. Проект за воспоставување на Тренинг центар на Македонската берза</u>

Согласно заложбите на Македонската берза за континуиран развојот на македонскиот пазар на хартии од вредност преку зголемување на професионалноста и компетентноста на учесниците на пазарот на капитал, а во рамките на одобрената финансиска помош од страна на Европската Банка за обнова и развој (ЕБОР), започна реализацијата на проектот за поставување на тренинг центар на Македонската берза. Во текот на месец август 2011 година Македонската берза ги потпиша Договорот за грант со Европската банка за обнова и развој од Лондон и Консултантскиот договор со конзорциумот на Виенската берза CAPMEX, Виена. Воедно, Берзата пристапи кон регистрирање на проектот во Централната база на податоци на Владата на Република Македонија за странска помош (CDAD) при Секретаријатот за европски прашања, со цел добивање на потврда што ќе претставува основ во постапката на барање на поврат на платен ДДВ по фактури коишто ќе се достават за извршени активности од страна на консултантите.

Согласно договорите, имплементацијата на проектот започна на 03.10. 2011 година со времетраење од шест месеци, во рамките на кој период треба да се постават основите на тренинг центарот. Во реализицијата на проектот се вклучени странски консултанти и претставници на Берзата кои во периодот октомври-декември оствариja низа активности што имаа за цел утврдување на потребите од различни видови на обуки кај една поголема и похетерогена група на испитаници, потоа дефинирање на темите и содржината на курсевите, како и избор на домашни предавачи (надворешни експерти и вработени во Берзата) кои во иднина ќе ги држат курсевите во рамките на тренинг центарот. Воедно, во текот на декември консултантите одржаа обука за вработените во Берзата кои ќе се јават во улога на предавачи.

Врз основа на сите подготвителни активности, препораките на консултантите и дефинираниот интерес кај испитаниците, тренинг центарот на Македонската берза ќе нуди обуки за следните теми:

- Принципите на пазарите на капитал;
- Планирање на лични финансии;
- Корпоративно финансирање;
- Инвестициско банкарство;
- Анализа на финансиски извештаи;
- Објавување на финансиски информации;
- Фјучерси и опции.

## 10.2. Настани во организација на Берзата

- Во рамките на заложбите на Берзата за промоција на пазарот на хартии од вредност како алтернативен извор за финансирање на реалната економија, Македонската берза во соработката со Стопанската комора на Македонија во периодот јуни-октомври 2011 година одржа повеќе презентации на тема "Финансирање на реалната економија – Како да се привлече капитал за развој преку берзата?". Како што е веќе споменато презентациите беа одржани во Скопје, Битола, Струмица и Кочани;

- Во рамките на повеќегодишната соработката која што Македонската берза ја остварува со голем број образовни институции во Република Македонија во текот на 2011 година беа остварени посети од страна на повеќе средни училишта, факултети, универзитети и институти. За време на овие посети неколку стотини ученици, студенти од редовните и постдипломските студии имаа можност да се запознаат со начинот на функционирање и со институционалната поставеност на пазарот на хартии од вредност во Република Македонија, а посебен осврт беше ставен на улогата и функцијата на Македонската берза. Воедно, посетителите имаа можност во живо да го проследат тргувањето преку електронскиот систем за тргување на Берзата – БЕСТ и да се информираат за начинот на реализација на купопродажните трансакции.

- Во рамките на определбите на Македонската берза за поттикнување на развојот на научната мисла беше објавен конкурс за истражувачки труд од областа на пазарот на хартии од вредност во Република Македонија, кој Берзата веќе петта година по ред го организира.

## 10.3. Учество на конференции, семинари, обуки

- На покана на Агенцијата за супервизија на капиталното пензиско осигурување (МАПАС) и Меѓународната финансиска корпорација (ИФЦ) претставник на Македонската берза зеде учество во работилницата "Воведување на кодекс за корпоративно управување кај друштвата за управување на пензиските фондови" што се одржа на 03.03.2011 година во Скопје. Претставникот на Берзата говореше за искуствата на Македонската берза при донесувањето и примената на нејзиниот Кодекс на корпоративно управување.

- По повод одбележувањето на петгодишнината од воведувањето на капиталното финансирано пензиско осигурување и заокружувањето на успешната соработка со Светската банка во областа на пензиските реформи, на 12 април 2011 година во Скопје се одржа Меѓународната конференција за пензиските реформи и идни предизвици. На

конференцијата, на која свои видувања и презентации имаа бројни учесници од Романија, Бугарија, Хрватска и Полска, учествуваше и Главниот извршен директор на Македонската берза, кој ги презентираше ефектите од капитално финансираните пензиски фондови врз пазарите на капитал и обратно.

- Во организација на TAIEX (Technical Assistance Information Exchange Instrument) при Европската комисија (European Commission) во мај 2011 година во Скопје се одржа работилница посветена на имплементацијата на MiFID. Претставниците на Берзата, кои беа поканети да ја следат работилницата, имаа можност да се запознаат со примената на европските регулативи што се однесуваат на пазарите на капитал.

- Во рамките на годишниот семинар којшто се одржува во организација на Комората на Извршители на Република Македонија, а со цел презентирање на оној дел од сферата на тргувањето со хартии од вредност каде Берзата и извршителите имаат допирни точки, учество на семинарот имаше и претставник од Македонската берза. Семинарот се одржа во јуни 2011 година, а презентацијата на правниот советник во Берзата имаше за цел запознавање на извршителите со практични и применливи информации и знаења кои ќе придонесат за поефикасно остварување на нивните надлежности за извршување врз хартии од вредност.

- На покана на Комисијата за едукација при Институтот на овластени ревизори на РМ (ИОРРМ), а во рамките на предавањата за континуирана едукација за овластените ревизори, претставник на Берзата на 27 јуни 2011 година одржа презентација посветена на обврските за известување на котираните компании и улогата и значењето на ревизорите и ревизорските извештаи во одржување на транспарентен пазар на капитал.

- Во организација и со финансиска поддршка на Истамбулската берза и Федерацијата на Евроазиски Берзи (ФЕАС) во Истамбул, Турција се одржа семинар - програма за обука за претставници на членките на Федерацијата на која учествуваше и претставник од Македонската берза.

- Во текот на извештајниот период претставници на Македонската берза зедоа учество во предавања и семинари од областа на платните системи и системите за порамнување на хартии од вредност, на измените во даночната регулатива, на безбедност и здравје при работа и други.

# 11. ПРОМОТИВНИ АКТИВНОСТИ

## 11.1. Годишна конференција на Македонска берза

Од 09-10 мај 2011 година во Охрид се одржа 12-та Годишна конференција на Македонската берза. Во текот на двата конференциски дена низ организирани дебати и панел дискусии се направи обид да се презентира сегашноста и иднината на македонскиот пазар на хартии од вредност, како и да се одговори на прашањето дали институционалните инвеститори во Република Македонија можат да ја зајакнат својата активност. Воедно, се презентираа и последните измени во Законот за трговски друштва во делот на свикување и одржување на

Собрание на акционери. Присутните на конференцијата имаа можност да ги проследат специјалниот говор на Вицегувернерот на НБРМ, М-р Димитар Богов, говорот на Главниот извршен директор на Берзата Иван Штериев, како и говорите на г-нот Ханес Такач, Главен партнер на CAPMEX (The Capital Market Experts), Виена, Австрија и г-нот Петр Коблиц, Главен извршен директор на берзата во Прага, Република Чешка.

Благодарение на поддршката на спонзорите (златен спонзор - Порше Македонија, сребрени спонзори - Комерцијалан банка, Неоком, Кроација осигурување-неживот, како и трите инвестициски фонда Илирика ФМ, КБ Публикум и КД Фондови кои настапија како група спонзори, како и медиумските спонзори Капитал Медиа Груп и Алфа Телевизија), Македонската берза успеа да ја организира конференцијата, задржувајки го стандардното ниво и квалитет, без да оствари расходи за реализација на истата.

На конференцијата Македонската берза по четврти пат ги додели признанијата за најтранспарентно котирано друштво на Македонска берза – "Кристално звоно" и за најдобар научно-истражувачки труд од областа на пазарот на хартии од вредност. Наградата „Кристално звоно„ ја доби Комерцијална банка АД Скопје која по трет пат беше прогласена за најтранспарентно котирано друштво на Македонската берза. Наградата за најдобар истражувачки труд од областа на пазарот на хартии од вредност ја доби г-нот Ристо Хаџи-Мишев за трудот "Граници на ефикасни портфолија на Македонската берза на хартии од вредност". Во рамките на одбележувањето на јубилејот - 15 години тргување со хартии од вредност на Берзата, беа доделени плакети на истакнати правни и физички лица кои оствариле континуирано учество во работењето на Берзата по различни основи.

Берзата изработи и специјален прилог за конференцијата кој беше постиран на нејзината веб страница, а воедно, за прв пат преку Интернет ги направи достапни видео записите од сите говори и панел дискусии, со што овозможи голем број на заинтересирани лица дополнително да ја проследат конференцијата.

## 11.2. Соработка со медиуми

Во рамките на соработката која што Македонската берза ја остварува како со домашните, така и со странските електронски и пишани медиуми во текот на 2011 година беа остварени повеќе активности. Во неколку наврати Главниот извршен директор имаше интервјуа за неколку весници (Капитал, Дневник, српскиот весник Блиц и хрватскиот Пословни дневник) во кои даде осврт на активностите кои Македонската берза ги презема во делот на развојот на пазарот на хартии од вредност и на импликациите што актуелната светска криза ги има на локалниот пазар, на соработката помеѓу берзите од регионот, особено во делот на создавање на услови за прекугранични тргувања, дуална котација, како и за евентуалните интеграциски процеси. Исто така, беше одржана една прес конференција на која беа презентирани резултатите од работењето на Берзата во првото полугодие од годината.

## 11.3. Промоција на продукти на Берзата

Во рамките на активностите на Македонската берза за промовирање на интернет порталот МБ Монитор не само на медиумите, туку и на пошироката инвеститорска јавност, во текот на месец октомври по електронски пат беа контактирани друштвата кои котираат на Официјалниот пазар на Берзата, како и сите активни претплатници на продуктот Бестнет. Притоа, со доделување на

корисничко име и лозинка за секој субјект поединечно, им се понуди можност за бесплатен пристап кон овој продукт кој нуди податоци од тргувањето не само на македонскиот, туку и на пазарите на капитал во регионот.

# 12. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Во текот на 2011 година активностите на Македонската берза на регионално и меѓународно ниво беа фокусирани кон следниве пунктови:

## 12.1. Организирање на настани во рамките на FEAS

Согласно изборот и назначувањето на Македонската берза за домаќин на Работниот и Извршниот комитет на Федерацијата на Евроазиски берзи (FEAS), Берзата беше организатор на овие два настани што се одржаа на 05 и 06 мај во Охрид. Четириесет делегати од шестнаесет берзи, пост-трговски институции и брокерски здруженија дискутираа за начините на подобрување на своето работење во делот на нови технологии и воведување нови услуги кои ќе се нудат на пазарните учесници. Понатаму, берзите се фокусираа на создавање на нови начини за зголемување на транспарентноста преку инвестирање во инфраструктурата и развој на регулативата. За време на состанокот беа презентирни и остварувањата на работните тела на Федерацијата во текот на 2011 година. Во улога на домаќин, Македонската берза за учесниците на ФЕАС организираше посета на културно-историските знаменитости во Охрид, како и национална вечер. Финансирањето на овој настан беше поддржано од страна на Федерацијата.

## 12.2. Меморандум за партнерство

Берзите од Љубљана, Загреб, Белград и Скопје на 01.02.2011 година во Загреб потпишаа Анекс кон Меморандумот за партерство (иницијално потпишан во декември 2007 година) со кој ги договорија насоките за понатамошната соработка во текот на 2011 година. Со Анексот се утврдуваат заедничките активности кои треба да водат кон создавање на услови и инфраструктура за реализација на прекугранични трансакции, хармонизација на критериумите за котација на најстрогиот пазарен сегмент, воспоставување на регионален примарен пазар, како и заеднички проекти за едукација во доменот на нови производи. Членовите на Надзорниот комитет на берзите потписнички на Меморандумот за партнерство се состануваа во два наврати во текот на годината за да ги утврдат активностите кои произлегуваат од Меморандумот за тековната 2011 година.

## 12.3. Учество на меѓународни конференции

Во март 2011 година во Мадрид, Шпанија, се одржа VI Светски берзански конгрес, еден од најголемите и најважните собири на водечките луѓе на светските берзи. На покана на организаторот, Главниот извршен директор зеде учество на овој настан и одржа презентација на тема „Зошто трансформацијата на берзите во профитни компании има смисла и како да се изведе истата“. Воедно, овој настан претставуваше и исклучителна можност за средба и размена на искуства со високи претставниците на голем број институции од пазарите на капитал ширум светот.

На покана на Загребската берза претставници на Македонската берза учествуваа на годишната конференција што се одржа во Ровињ во месец Октомври. Во тие рамки Главниот извршен директор на Берзата оствари работен состанок со проектот на USAID – Партнери за финансиска стабилност (Partners for Finacial Stability Program) во врска со можноста за развивање на поблиска соработка со другите пазари на хартии од вредност во регионот. Престојот во Хрватска беше искористен да се оствари работна средба со претставници на Љубљанската берза околу можноста за продажба на нивниот трговски софтвер на трети лица.

## 12.4. Други активности

Во рамките на повеќегодишната соработката и размена на информации и искуства помеѓу Амбасадата на Соединетите Американски Држави и Македонска берза АД Скопје, на 08.11.2011 година новиот амбасадор на САД, Н.Е. Пол Волерс оствари средба со управата на Македонската берза АД Скопје. Во рамките на средбата беа презентирани историјата, организацијата, принципите на работење и моменталните случувања на Македонската берза. Воедно, се дискутираше и за тековните состојби и предизвици на светските финансиски пазари.

# 13. СОСТАНОК НА МЕЃУРЕСОРНОТО ТЕЛО ЗА ПАЗАР НА КАПИТАЛ ВО ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

На 18.11.2011 година беше одржан состанок на Меѓуресорното тело за пазар на капитал во Владата на Република Македонија. На состанокот, претставниците на Берзата ја истакнаа потреба и начинот на хармонизирање на националната регулатива за хартии од вредност согласно европските директиви кои се однесуваат на овој пазар, со особен осврт на Директивата 2004/39/ЕС за пазарите на финансиски инструменти (попозната како MiFID). Воедно, во рамките на расправата на состанокот, претставниците на Берзата дискутираа за потребата од зголемување на активностите на приватните пензиски фондови на домашниот пазар на капитал во насока на негово динамизирање, за значењето на спроведувањето на некоја од преостанатите приватизации целосно или делумно преку јавна понуда на Берза, за потребата од даночни реформи во насока на елиминирање на постојните неповолности поврзани со поседување и/или вложување во акционерски капитал што би довело до голем позитивен импулс за пазарот на капитал, за улогата на едукацијата на пазарните учесници и пошироката јавност за начинот на функционирање на пазарот на капитал во поттикнувањето на неговиот понатамошен развој, за потребата од развивање на повитален пазар за мали и средни компании пред нивна евентуална иницијална јавна понуда на берза, за влијанието на корпоративното управување со цел зголемување и/или враќање на довербата на инвеститорите во македонскиот пазар на капитал, како и за останатите мерки во насока на зголемување на понудата на пазарот. Исто така, претставниците на Берзата на состанокот на Меѓуресорното тело за пазар на капитал ја нагласија и потребата од креирање на унифицирана стратегија за развој на пазарот на капитал во Република Македонија која би била имплементирана од сите засегнати институции и субјекти на пазарот, со цел зголемување на атрактивноста на Берзата и нејзино подобро позиционирање во идните интеграциски процеси во регионот. На состанокот покрај владините претставници, учествуваа претставници од банкарскиот сектор, Македонската берза, Комисијата за хартии од вредност, НБРМ, ЦДХВ и приватните пензиски фондови.

# 14. ОСТВАРЕНИ ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2011 ГОДИНА

Во 2011 година Македонската берза АД Скопје, оствари **вкупни приходи** во износ од **49.944.951 денари** и истите е за 32% повисоки во однос на остварените во 2010 година. Ова зголемување на приходите се должи на зголемувањето на приходите од надоместот од тргување, кое се должи на неколку големи блок трансакции и поради фактот што до 15.03.2010 година, согласно решение на Комисијата за хартии на вредност (кое беше обжалено и преиначено), Берзата наплаќаше пониски надомести за тргување.

Приходите остварени од камата изнесуваат 2.842.841 денари и претставуваат 5,7% од вкупните приходи. Овој износ е по основ на камата на орочени депозити кај банки и камата на депозити по видување. Зголемувањето на овие приходи од 2% во однос на претходната година се должи на зголемување на износот на пласираните средства како резултат на прилив на парични средства заради враќање на повеќе платен данок од добивка од страна на Управата за јавни приходи, а покрај намалувањето на каматните стапки за орочени депозити во 2011 година во однос на 2010 година. На 31.12.2011 година Берзата има денарски депозити орочени на 3, 6 и 12 месеци во следните банки - Комерцијална банка (13 милиони денари), Стопанска банка (10 милиони денари), Еуростандард банка (5 милиони денари), Халк банка (5 милиони денари), Шпаркасе банка Македонија (10 милиони денари), НЛБ Тутунска банка (10 милиони денари) и Охридска банка (10 милиони денари), со каматни стапки што се движат од 4,9% до 5,7%. Воедно, Берзата поседува 29.885,7992 удели во паричниот фонд на КБ Публикум Инвест чија вредност на 31.12.2011 година изнесува 3.047.984 денари.

Приходите по основ на провизии и надоместоци изнесуваат 36.708.159 денари и се за 47% повисоки во однос на истите во 2010 година. Подолу се презентирани подетално сите видови приходи во оваа категорија и тоа:

- Надоместоците за членство се состојат од членарини, надоместоци за користење на БЕСТ системот, надоместоци за користење на Берза-Нет, надоместоци за комуникациско поврзување со Централниот депозитар за хартии од вредност, надоместоци за користење на станици за набљудување и слично. Кај овие приходи се бележи намалување од 15% во споредба со истите лани, поради тоа што бројот на членките на Берзата перманентно се намалува од 22 на почетокот на 2010 година, 20 членки на крајот на 2010 година и 18 членки на крајот на 2011 година. Дополнително, во 2010 година Берзата има остварено приход од прием во членство во износ од 330.000 денари, додека во 2011 година нема остварено приход по овој основ. Во вкупните приходи овие приходи учествуваат со 9,8%.

- Најголемиот дел од приходите на Берзата во 2011 година во износ од 31.305.326 денари или 62,68% од вкупните приходи е остварен по основ на надомест за тргување. Овие приходи се за 75% повисоки во однос на остварените во 2010 година. Кај приходот по основ на надомест за тргување по основ на склучените трансакции во БЕСТ системот е забележано зголемување од 19,1% (од 6.628.180 денари во 2010 година на 7.892.407 денари во 2011 година). Остварениот приход од берзанска провизија кај блок трансакциите бележи зголемување од 220,3% (од 5.125.809 денари во 2010 година на 16.415.448 денари во 2011 година), а приходот од тргувањето при јавни берзански трансакции бележи значително зголемување но, не е толку голем во апсолутен износ (од 146.802 денари во 2010 година на 1.060.259 денари во 2011 година). Приходите од

бéрзанска провизија од тргување со обврзниците бележат незначително намалување од 0,3%.

- Остварени се приходи по основ на надомест за котација во износ од 2.512.500 денари или 5,03% од вкупните приходи. Овие приходи се за 6% пониски во споредба со 2010 година, поради намалување на бројот на друштвата што котираат на официјалниот пазар на Берзата од 34 во 2010 година на 32 друштва во 2011 година.

Во 2011 година Берзата оствари останати приходи од дејност во износ од 8.392.466 денари, што се за 4% пониски во споредба со истите во 2010 година. Ова се приходи остварени по основ на издавање на деловен простор, наплатени сомнителни и спорни побарувања, закуп на медиумски простор, приходи од дистрибуција на берзански податоци, приходи од котизација на посетители на годишна конференција, донација и друго. Најголемо учество во останатите приходи имаат приходите од дистрибуција на берзански информации во износ од 2.853.768 денари (истите во 2010 година изнесуваа 2.598.387 денари); приходи по основ на издавање на деловен простор во износ од 1.886.698 денари (во 2010 година изнесуваа 2.074.034 денари), приходи од донација на софтвер во износ од 1.554.324 денари (остварен е и соодветен расход како амортизација на софтверот), приходи од закуп на медиумски простор во износ од 753.288 денари (во 2010 година 533.196 денари) и приход од котизација и спонзорство за годишната конференција на Македонска берза во износ од 839.029 денари (во 2010 година изнесуваа 1.045.910 денари).

Остварена е нето добивка од курсни разлики во износ од 1.486 денари.

**Вкупните расходи** остварени во 2011 година изнесуваат **43.848.279 денари** и истите се за 22% повисоки од остварените во 2010 година кога истите изнесувале 35.923.101 денари. Зголемувањето на вкупните расходи во 2011 година се должи на многу големото зголемување (за 123%) на износот на надоместокот што Берзата го плаќа на Комисијата од хартии од вредност. Ако се изврши прилагодување на вкупните расходи во 2011 година и 2010 година за износот на регулаторниот трошок тие во 2011 година изнесуваат 32.910.595 денари наспроти ланските 31.009.673 денари.

Во 2011 година за провизии и надоместоци направени се расходи во износ од 11.033.295 денари, што претставува 25,16% од вкупните трошоци. Овие трошоци се направени за плаќање на банкарски провизиии и, пред се, за надоместот за надзор што Берзата го плаќа на Комисијата за хартии од вредност во висина од 0,006% од пазарната капитализација на сите сегменти на пазарот на последниот ден на тргување од претходната година, односно во износ од 10.937.684 денари[4], за разлика од истиот период лани кога надоместот што Берзата го плаќаше на Комисијата изнесуваше 4.913.428 денари и беше пресметан во висина од 17% од остварените приходи на Берзата утврдени со нејзиниот Тарифник.

Трошоци за вработени во 2011 година изнесуваат 15.300.919 денари и опфаќаат вкалкулирани бруто плати, награди и останати користи за вработени. Истите изнесуваат 34,9% од вкупните расходи. Бруто платите на извршните членови на Одборот на директори изнесуваат вкупно

[4] На 18.04.2011 година Комисијата за хартии од вредност ја извести Берзата дека вкупната пазарна капитализација на која Берзата треба да плати надомест на надзор на берза изнесува 182.294.731.099 денари и дека на тој износ се аплицира процентот 0,006%.

5.556.243 денари, односно 3.323.554 денари и 2.232.689 денари за Главниот извршен директор и Извршниот директор, респективно.

Амортизацијата на средствата е пресметана во износ од 6.860.223 денари, што претставува 15,65% од вкупните расходи и е за 4% пониска во споредба со 2010 година, а се однесува на амортизација на нематеријални средства, деловниот простор и опрема. Амортизацијата на основните средства е пресметана со праволиниска метода, согласно усвоените сметководствени политики на Берзата.

Останатите расходи од дејност изнесуваат 10.494.150 денари и се за 4% повисоки од истите во 2010 година. Учествуваат со 95% во остварувањето на планот, а во вкупните расходи со 23,93% и се донесуваат на следните ставки:

- Материјалните и слични трошоци изнесуваат 2.332.212 денари или 5,3% од вкупните расходи (трошоци за електрична енергија, парно греење, весници, стручна литература, хигиена, канцелариски материјал и слично).

- Трошоците за услуги изнесуваат 4.961.600 денари и истите учествуваат со 11,3% во вкупните расходи. Од трошоците за услуги 652.296 денари отпаѓаат на услуги поврзани со организацијата на 12-тата годишна конференција (остварен е и соодветен приход од котизација на посетители на конференцијата и спонзорства). Во рамките на трошоците за услуги позначајно учество имаат услугите за тековно одржување на опремата во износ од 1.358.046 денари, телефонските услуги и услуги за интернет во износ од 1.539.134 денари. Останатите трошоци за услуги се направени за услуги за ревизија на финансиските извештаи, за поштарина, за обезбедување и слично.

- Трошоците за надомест за Одборот на директори изнесува 1.375.332 денари и тие изнесуваат 3,14% од вкупните расходи. Месечниот надоместок на членовите на Одборот на директори е утврден со Одлука на Собранието на акционери на Берзата од 23.04.2008 година.

- За службени патувања во текот на годината се направени трошоци во износ од 260.758 денари и истите се за 48% пониски во однос на планираните за 2011 година.

- Трошоците за репрезентација, реклама и пропаганда изнесуваат 812.363 денари и претставуваат 1,85% од вкупните расходи, односно се за 19% помали од планираните. Дел од овие трошоци се однесуваат на организација на годишната конференција на Берзата и се алиментирани од добиените спонзорства и наплатените котизации за конференцијата.

- Трошоци за осигурување се направени во висина од 444.133 денари. Се однесуваат на осигурување на деловниот простор, опремата, мебелот и осигурување на вработени и извршните директори и се во рамките на планираните за 2011 година.

- Трошоци за истражување и развој се остварени во висина од 66.667 денари и се однесуваат на доделената награда за најдобар истражувачки труд во 2010 година која традиционално ја доделува Берзата.

- За Други трошоци, направени се трошоци во износ од 241.087 денари. Овие расходи се направени за членарини во Федерација на Евроазиски берзи (ФЕАС), членарина за Американска Стопанска комора, членарини за бизнис кредитни картички, трошоци за судски и административни такси и слично.

Исправката на вредност на побарувањата изнесува 159.693 денари и се однесува на побарувања од брокерските куќи Нови Триглав и Ауктор&Хита брокери за кои се отворени постапки за ликвидација и побарувања по основ на надомест за котација.

* * *

Како резултат од повеќе остварени приходи од расходи, Берзата по Годишната сметка за 2011 година оствари **добивка пред оданочување** во износ од **6.096.672 денари**.

Пресметан е данок во непризнаените расходи во износ од 156.521 денари, а остварената **добивка по оданочување со данок во непризнаените расходи** за 2011 година изнесува 5.940.151 денари.

* * *

**Вкупната актива** на Македонската берза АД Скопје на 31.12.2011 година изнесува **158.291.274 денари.** Во структурата на активата најликвидните средства (парични средства, депозити во банки орочени на три месеци или депозити орочени на подолг рок со рок на разорочување од три дена, вложување во удели во отворен паричен инвестициски фонд) учествуваат со 42,6% што придонесува за финансиска стабилност на Берзата. Учеството на основните средства материјални и нематеријални (79.926.131 денари) изнесува 50,49% од вкупната актива, а побарувањата изнесуваат 10.836.425 денари или 6,85% од вкупната актива. Побарувања од купувачи во најголем дел произлегуваат од надоместоци за тргување за месец декември 2011 година (8.395.949 денари).

**Вкупната пасива** на Македонската берза АД Скопје на 31.12.2011 година изнесува **158.291.274 денари.** Вкупните обврски на 31.12.2011 година изнесуваат 8.479.698 денари. Од тоа обврските кон добавувачи изнесуваат 3.336.752 денари, а разграничените приходи во идни периоди изнесуваат 5.142.946 денари. Најголемо учество во приходите во идните периоди има донацијата во софтверот за тргување од Љубљанска берза како резултат на извршеното преземање на изворниот код на БЕСТ системот во 2009 година. Капиталот и резервите на Македонска берза АД Скопје на 31.12.2011 година изнесуваат 149.811.576 денари. Од тоа запишаниот капитал изнесува 103.497.760 денари, резервите 38.572.906 денари, ревалоризационата резерва 47.984 денари (сведување до објективната вредност на вложувањата во удели во паричен фонд), добивка за финансиската година 5.940.151 денари и задржаната добивка 1.752.776 денари.

**Скопје, Февруари 2012 година**

**Одбор на директори**

**П р е т с е д а т е л**

**Кирил Митровски**

# П Р И Л О Г

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА
**на ден 31.12. 2011 година**

## АКТИВА

**во денари**

| Назив | 2011 | 2010 | Индекс 2010/2009 |
|---|---|---|---|
| **1. Парични средства и парични еквиваленти** | **1.037.930** | **645.534** | **62** |
| **2. Кредити на и побарувања од банки** | **63.267.524** | **39.211.989** | **62** |
| Депозити | 63.000.001 | 39.000.000 | **62** |
| Останати побарувања | 267.523 | 211.989 | **79** |
| **3. Вложувања во сопственички инструменти** | **3.047.984** | **0** | **0** |
| **4. Нематеријални средства** | **5.709.859** | **7.794.386** | **137** |
| **5. Материјални средства** | **74.216.272** | **76.457.206** | **103** |
| **6. Останати средства/побарувања** | **10.836.425** | **28.197.476** | **260** |
| Побарувања за данок на добивка | 0 | 24.136.539 | |
| Останати побарувања | 10.836.425 | 4.060.937 | **37** |
| **7. Одложени приходи и однапред платени трошоци** | **175.281** | **184.514** | **105** |
| **ВКУПНА АКТИВА** | **158.291.274** | **152.491.103** | **96** |

## ПАСИВА

| Назив | 2011 | 2010 | Индекс 2010/2009 |
|---|---|---|---|
| **1. Обврски** | **8.479.698** | **8.667.662** | **102** |
| Останати обврски | 3.336.752 | 1.993.747 | **60** |
| Одложено плаќање на трошоци и приходи во идни периоди | 5.142.946 | 6.673.915 | **130** |
| **2. Капитал и резерви** | **149.811.576** | **143.823.441** | **96** |
| Запишан капитал | 103.497.760 | 103.497.760 | **100** |
| Резерви | 38.572.906 | 38.572.906 | **100** |
| Ревалоризациони резерви | 47.984 | | |
| Добивка за финансиска година | 5.940.151 | 1.752.776 | **30** |
| Задржана добивка | 1.752.776 | 0 | **0** |
| **ВКУПНА ПАСИВА** | **158.291.274** | **152.491.103** | **96** |

## БИЛАНС НА УСПЕХ ЈАНУАРИ-ДЕКЕМВРИ 2011 ГОДИНА

**во денари**

| Приходи | 2010 | 2011 | Индекс 2011/2010 | Програма 2011 | Индекс План/2011 |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.Приходи од камати** | **2.773.773** | **2.842.841** | **102** | **2.700.000** | **95** |
| **2.Приходи од провизии и надоместоци** | **26.304.122** | **38.708.159** | **147** | **29.280.000** | **76** |
| Надомест за членство | 5.780.273 | 4.890.333 | **85** | 4.730.000 | **97** |
| Надомест од тргување | 17.861.349 | 31.305.326 | **175** | 22.000.000 | **70** |
| Приходи од котација | 2.662.500 | 2.512.500 | **94** | 2.550.000 | **101** |
| **3.Останати приходи од дејност** | **8.765.004** | **8.392.465** | **96** | **9.000.000** | **107** |
| **4.Нето добивка од курсни разлики** | | **1.486** | | | |
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ:** | **37.842.899** | **49.944.951** | **132** | **40.980.000** | **82** |
| **Расходи** | | | | | |
| **1.Расходи за провизии и надоместоци** | **5.001.480** | **11.033.295** | **221** | **11.037.684** | **100** |
| Провизии од банки | 88.052 | 95.611 | **109** | 100.000 | **105** |
| Берзанска провизија за КХВ | 4.913.428 | 10.937.684 | **223** | 10.937.684 | **100** |
| **2.Нето загуба од курсни разлики** | **914** | | **0** | **0** | |
| **3.Трошоци за вработени** | **13.525.888** | **15.300.919** | **113** | **14.500.000** | **95** |
| **4. Амортизација** | **7.143.797** | **6.860.223** | **96** | **7.000.000** | **102** |
| **5.Исправка на вредност на побарувања** | **200.000** | **159.693** | **80** | **0** | **0** |
| **6.Останати расходи од дејност** | **10.051.022** | **10.494.149** | **104** | **11.010.000** | **105** |
| Материјални и слични трошоци | 1.994.600 | 2.332.211 | **117** | 2.200.000 | **94** |
| Трошоци за услуги | 4.839.590 | 4.961.599 | **103** | 4.900.000 | **99** |
| Одбор на директори | 1.159.999 | 1.375.332 | **119** | 1.160.000 | **84** |
| Трошоци за службени патувања | 300.613 | 260.757 | **87** | 500.000 | **192** |
| Трошоци за репрез,реклама и пропаганда | 629.989 | 812.363 | **129** | 1.000.000 | **123** |
| Осигурување | 445.338 | 444.133 | **100** | 450.000 | **101** |
| Трошоци за истражување и развој | 206.517 | 66.667 | **32** | 300.000 | **450** |
| Други трошоци | 474.376 | 241.087 | **51** | 500.000 | **207** |
| **ВКУПНО РАСХОДИ:** | **35.923.101** | **43.848.279** | **122** | **43.547.684** | **99** |
| **БРУТО ДОБИВКА** | **1.919.798** | **6.096.672** | **318** | **-2.567.684** | **-42** |
| **Данок во непризнаени расходи** | **167.022** | **156.521** | | | |
| **ДОБИВКА ЗА ФИНАНСИСКА ГОДИНА** | **1.752.776** | **5.940.151** | | | |